**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# Б И Л Т Е Н

## Бр. 458

**ГОДИНА XXXX, Битола, 03.06.2019 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Климент Охридски”- Битола**

Одговорен уредник М-р Офелија Христовска
Генерален секретар

Редакциски одбор Проф. д-р Виолета Маневска, проректор
Факултет за информатички и комуникациски технологии-Битола

Проф. д-р Светлана Николоска, проректор
Факултет за безбедност-Скопје

Проф. д-р Елизабета Бахтовска, проректор
Технички факултет-Битола

Проф. д-р Марјан Ангелески, проректор
Економски факултет-Прилеп

Д-р Елена К. Ристоска, советник

Уредник Д-р Елена К. Ристоска

Умножено на електронски печатар на Универзитетот
„Св. Климент Охридски” – Битола

# С О Д Р Ж И Н А

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ- ПРИЛЕП**


Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите
Меѓународна економија и Финансии ........................................ 1
Реферат за избор на наставник во сите звања од областите Маркетинг и Менаџмент .......... 11
Рецензија на ракописот “Е-бизнис практикум” од авторите проф. д-р Марјан Ангелески и
доц. д-р Рената Петревска-Нечкоска ........................................ 24
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Михаил Попов ........................................ 26
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Пеце Димитровски ........................................ 27
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Александар Пашоски ........................................ 28
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Горан Котевски ........................................ 29
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Емилија Трајковска ........................................ 30
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Кристијан Чешелкоски ........................................ 31
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Мартин Трајковски ........................................32
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Наташа Вељаноска ........................................33
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Ана Жежовска ........................................34


**ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ-БИТОЛА**


Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања од научните области: 40805-
Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, 40808-Друго ....... 35
Извештај за оценка на докторската дисертација
на кандидатот м-р Зоран Бардакоски ........................................ 50
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Моника Карабелеска ........................................63


**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО-ОХРИД**


Реферат за избор на наставник од областите Математика (10900), Математика-друго (10914) и
Теорија на Веројатност (10909) ........................................ 64
Извештај од Комисија за оценка на докторската дисертација
на кандидатот Михаел Ристески ........................................ 68

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ-КИЧЕВО**
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Сахид Идризовски ....................................................................................................82
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Стојан Велјановски ................................................................................................... 83
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Монализа Анѓелкоска ................................................................................................ 84
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Ирена Пашоска ........................................................................................................... 85
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Наталија Илиеска ....................................................................................................... 86
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Владимир Талевски ................................................................................................... 87
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Ангела Јовчевска ....................................................................................................... 88
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Наталија Белевска ..................................................................................................... 89
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Александра Аневска ..................................................................................................90
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Влатко Аврамовски ................................................................................................... 91

**ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-ВЕЛЕС**
Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области:
Прехранбено инженерство (41400), Нутриционизам (41401) и Друго (41403) ........................ 92
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Љубица Костадинова ............................................................................................... 105

**ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ-БИТОЛА**
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Никола Велески ......................................................................................................... 106

**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ-СКОПЈЕ**
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот
Филип Павловски ..................................................................................................... 107

**ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН-ПРИЛЕП**
Реферат за избор на еден научен работник во сите наставно-научни звања во подрачјето на природно-математички науки, научно поле хемија, област: хемија, аналитичка хемија, биохемија и друго - инструментални методи и хемија на животна средина .......................... 108
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Роза Галеска ............................................................................................................. 113
Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатката
Даниела Талевска ..................................................................................................... 114

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ОБЛАСТИТЕ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА (50307)И ФИНАНСИИ (50326) НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

Врз основа на Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите ***Меѓународна економија и Финнасии*** на Економскиот факултет – Прилеп, објавен во дневните весници: „Нова Македонија“ на ден 04 март 2019 година и „Лајм“на 05.03.2019 година. Наставно – научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, на својата седница одржана на 01.04.2019 година, со одлука бр. 02-310/15 од01.04.2019 година, формира **Рецензентска комисија** за избор на наставник од областите ***Меѓународна економија и Финнасии,*** во состав:

1. д-р Михаил Петковски, редовен професор во пензија, Економски факултет – Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, претседател.
2. д-р Климентина Попоска, редовен професор на Економски институт – Скопје, Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, член.
3. д-р Ристо Гоговски, редовен професор на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола, член.

На објавениот конкурс се пријави само кандидатката д-р Мери Бошкоска, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп**.**

Врз основа на приложената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниот**:**

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Биографски податоци

Д-р Мери Бошкоска родена е на 20.08.1978 година во Прилеп, каде што го завршува основното и средно образование. Во академската 1997/98 година се запишува на Економскиот факултет – Прилеп на насоката Економија на претпријатија и дипломира во јуни 2001 година со просечна оценка 9,50, заради што добива Пофалница за постигнат висок успех.

Веднаш после дипломирањето, последипломските студии ги продолжува на Економскиот факултет во Скопје каде што во предвидениот рок ги положува испитите со просечна оценка од 8,87**.** На 12.11.2004 година успешно го одбранувамагистерскиоттруднатема:*“Феноменологијата на финансиските кризи со посебен осврт на кризата во Источна Азиј*а” со што се стекнува со научен степен магистер на економски науки од областа Економски развој и меѓународни финансии.

На 08.05.2009 година, на Економскиот институт во Скопје успешно ја одбранува докторската дисертација на тема: *„Превенција и управување со негативните влијанија на финансиските кризи врз отворените економии во светот“*и се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик, располага со организациски вештини и способности, а од компјутерските вештини има одлични познавања од пакетот Microsoft Office.

## 2. Наставно - образовна дејност

Работното искуство на кандидаткатад-р Бошкоска започнува во 2002 година на Економскиот факултет во Прилеп каде работи како асистент до 2007 година. Од 2007 година до 2014 година, работи на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи (ФАМИС) во Битола при Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола. После докторирањетоработи како доцент на група предмети од областа на финансиите, бизнисот и менаџментот и меѓународната економија. Во 2014 година, Наставно – научниот совет на ФАМИС – Битола ја избира во звање вонреден професор во научните области: Меѓународна економија, финансии и друго. Од септември 2014 година до денес работи како вонреден професор на Економскиот факултет во Прилеп.

Во наставно-образовниот процес, во делот на реализација на предавањата и спроведување на испитите д-р Мери Бошкоска е ангажирана на Економскиот факултет – Прилеп, како наставник на следните наставни дисциплини:

- **Наставни предмети на прв циклус студии:**
  - Берзанско работење
  - Финансирање на прокти
  - Менаџмент на квалитет
  - Меѓународен маркетинг

- **Наставни предмети на втор циклус студии:**
  - Меѓународни бизнис финансии
  - Управување со банкарски ризици

- **Наставни предмети на трет циклус студии:**
  - Меѓународен маркетинг

Во последните пет години, кандидатката била ментор и член во комисија за одбрана на дипломски трудови, член во комисии за подобност, оценка или одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации, како и член во рецензентска комисија за избор на наставник со што активно учествувала и дала значаен придонес во стручно и научно оспособување на млади кадри.

- **Резултати од самоевалуација**

Успешноста во реализацијата на Наставно – образовната дејност се потврдува со добиените резултати од студентските анкети за самоевалуација во периодот на ангажираност на кандидатката во наставно – образовниот процес на Економскиот факултет - Прилеп. Имено, д-р Мери Бошкоска е оценета со позитивна оценка од страна на студентите, по основ на сите индикаторивклучени во анкетното истражување за самоевалуација. Во изминатата2017/18 академска година, кандидатката има добиено просечна оцена 4,96 од максимално можна 5.

Со ова се потврдува високиот квалитет во реализацијата на наставно-образовната дејност на кандидатката, како и професионалниот и коректен однос со студентите.

## 3. Научно – истражувачка дејност

Кандидатката д-р Мери Бошкоска, има постигнатозначајни резултати и во научно – истражувачката дејност, преку објавување, самостојно или во коавторство, на научни трудови, учество на меѓународни конференции, обуки, учество во домашни и меѓународни проекти и сл.

Во продолжение даваме преглед на трудовите објавени по нејзиниот избор во звање вонреден професор:

- **Публикувани трудови во меѓународни научни списанија**

1. Jankulovski N., Angelova B., Poposka K., **BoshkoskaM**. (2018). Impact of Budget Allocation in Enhancing Agricultural R&D: Study in EU. *TEM Journal*, 7(4), 762-768. DOI: 10.18421/TEM74-10.
2. Monika Angelovska Dichovska, **Meri Boshkoska (**2018**).** Innovations and financial support in function of improving the competitiveness of SMEs**,** *Horizons, International Scientific Journal, Series A***,** Social Sciences and Humanities, Volume 22, Year XII, “St. Kliment Ohridski” University – Bitola.
3. **Meri Boshkoska**, Spiro Lazaroski, “LEADING FACTORS OF THE GLOBAL FINANCIAL CRISIS – THE US EVIDENCE**”,** *Annals of the „Constantin Brâncuşi” University of Târgu Jiu, Economy Series*, Issue 5, 2018, pp.4-13, ISSN 2344 – 3685/ISSN - L 1844 – 7007.
4. **Meri Boshoska**, Kosta Sotiroski, “An empirical study of customer usage and satisfaction with e-banking services in the Republic of Macedonia”, in publishing *Croatian Review of Economic, Business and Social Statistics (CREBSS),* Vol. 4, No. 1, 2018, UDK: 33;519,2; DOI: 10.1515/crebss; ISSN 1849-8531 (Print); ISSN 2459-5616 (Online).

5. **Meri Boshkoska**, Milcho Prisagjanec, Planning and Analysis of the Company's Financial Performances by Using a Software Simulation, *Management and Economic Review*, Vol.2. Issue 1, 2017 (June), The Bucharest University of Economic Studies,Faculty of Management.
6. **Meri Boshkoska, "**Social and economic aspects of the human security concept"**,** *Ekonomski horizonti*, 2017, *19*(1), 61-74.doi:10.5937/ekonhor1701061B.
7. **Meri Boshkoska,** Milcho Prisagjanec "Business success and failure prediction software – BEX Model", *ECOFORUM* Vol.6, Issue 1(10), 2017.
8. **Meri Boshkoska**, Spiro Lazaroski, "Access to finance of the Macedonian companies in the post crisis period", *TEM Journal*, Vol.5, Issue.3, Pages 353-362, ISSN: 2217-8309 (Print), 2217-8333 (Online), August 2016, DOI: 10.18421/TEM53-16UIKTEN - Association for Information Communication Technology Education and Science, Serbia. Индексиран труд во **Web of Science, Thomson Reuters.**
9. **Meri Boskoska,** "Financing the needs and growth of companies by issuing corporate bonds", *Annals of the „Constantin Brâncuşi*" University of Târgu Jiu, Economy Series, Issue 2 /2016, pp.45-52, ISSN 2344 – 3685/ISSN - L 1844 – 7007.
10. **Meri Boskoska,** "The agency problem: Measures for its overcoming", *International Journal of Business and Management,* Vol.10, No 1, 2015, ISSN (Print) ISSN 1833-3850 (Online), Canadian Centre for Science and Education.

- **Публикувани трудови во меѓународни научни публикации**

1. **Meri Boshkoska** "Financial options for SME's in the Republic of Macedonia", International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Prilep, Macedonia, October, 2016.
2. **Meri Boshkoska** „Effects of Implementation of the Strategic Financial Planning for SMEs in Republic of Macedonia", Conference Proceedings**:** "Challenges in Business and Economics: Growth, Competitiveness and Innovations", 16.10.2015, Faculty of Economics - Nis, Republic of Serbia.

- **Учество на меѓународни конференции и симпозиуми во земјата и странство:**

1. "SME Vision2020", 9-10 November, Skopje, 2017.
2. International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS), Faculty of Economics – Prilep, 28-30 October, 2016.
3. "Challenges in Business and Economics: Growth, Competitiveness and Innovations", 16.10.2015, Faculty of Economics - Nis, Republic of Serbia.

- **Учество во реализација на проектни активности:**

1. Финансиски раководител на проектот **„A knowledge Alliance in Eco-Innovation Entrepreneurship to Boost SMEs Competitiveness"**, BALKANMED, 2017 – 2019.
2. Проектен координатор на проектот **„Улогата на младата популација и фотографијата во заштита, идентификација и промовирање на културното**

**наследство“** ФКК – Прилеп,проект поддржан од Министерството за култура на Република Македонија, време на реализација март – јули 2019 година.

3. Проектен координатор на проектот “**Промоција на аматерски документарни филмови во град Прилеп“-** ФКК – Прилеп,во рамките на Манифестацијата „Млади Европејци 2018 година“ поддржан од Министерството за култура на Република Македонија.
4. Реализација на обука во рамките на проектот „**Алијанса за регионален развој**“ спроведен од „Форум“ - ЦСИД и Организацијата „Младински иницијативи за дијалог и соработка“ од Битола, 17.03.2017 година, Велес.
5. Предавач во работилница за Југозападниот плански регион во рамките на проектот „**Алијанса за регионален развој**“ спроведен од „Форум“ - ЦСИД и Организацијата „Младински иницијативи за дијалог и соработка“ од Битола, 23.02.2017 година, Струга.
6. Предавач во работилница Пелагонски плански регион во рамките на проектот „**Алијанса за регионален развој**“ спроведен од „Форум“ - ЦСИД и Организацијата „Младински иницијативи за дијалог и соработка“ од Битола, 09.12.2016 година, Битола.
7. Учество на дебата во рамките на проектот **„Живот со достоинство“** спроведен од Младински иницијативи за дијалог и соработка CLAIM! Граѓанска Мрежа за мир, обнова и човекова сигурност, 06.10.2016.
8. *„Мултидимензионални аспекти на концептот човекова безбедност“* - Истражувачка студија во рамките на проектот **„Живот со достоинство“** спроведен од Младински иницијативи за дијалог и соработка CLAIM! Граѓанска Мрежа за мир, обнова и човекова сигурност, Септември 2016.
9. *„Што со внатрешната миграција на младите луѓе во Република Македонија? –* Истражувачка студија во рамките на проектот **„Бесперспективноста на помалите урбани центри - причина за масовна миграција на младите луѓе кон главниот град“**. Младински културен центар – Битола, Октомври, 2014 година.

- **Учество во обуки и курсеви:**

- Преку личен развој до успешно лидерство“– Организација на жени - Битола, 12.04.2017 година.
- Open 2 Study, *“Diagnosing the Financial Health of a Business”*, Open Universities Australia, December 2014.
- Open 2 Study, *“Financial Planning*”, Open Universities Australia, December 2014.

## 4. Стручно - апликативна дејност

Во периодот после изборот во вонреден професор, кандидатката членува во четири професионални меѓународни тела, член е на редакциски одбор во меѓународно списание, била претседавач на сесија на меѓународна конференција, рецензент на трудови и членвоКомисија за самоевалуација на Економски факултет – Прилеп.

Од другите професионални ангажмани на д-р Мери Бошкоска, како позначајни можеме да ги издвоиме следните:

1. Член на Центарот за обуки и кариерен развој на Економски факултет – Прилеп (од октомври 2018 - до денес).
2. Член на Комисијата за самоевалуација на Економски факултет – Прилеп.
3. Член на редакциски одбор на „International journal of Applied Finance and Accounting“, меѓународно списание (од 2015 година до денес).
4. Член на редакциски одбор на „Еквилибриум“, гласило на Економски Факултет – Прилеп (од октомври 2017 година до денес).
5. Претседавач на сесија 1 на Меѓународната конференција„International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series (IBANESS)“, Faculty of Economics – Prilep, 28-30 October 2016.

## 5. Посебни услови за избор во наставно-научни звања

Покрај општите услови предвидени во Законот за високо образование, според Правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатката д-р Мери Бошкоска исполува вкупно 22 услови од дадените критериуми во Анекс 1. Условите во табелите кои што ги исполнува кандидатката се одбележани со “Х”

**ТАБЕЛА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊА**

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати од научно – истражувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предавач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | X |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | X |

[1] Лицата кои веќе имаат засновано работен однос на единицата на којашто конкурираат за избор во звање, имаат обврска нивните трудови да ги објават на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk

| | |
|---|---|
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | X |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | X |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | X |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | X |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | X |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | X |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | X |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од поширокота научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)[2] | |
| **Вкупно исполнети услови од прв критериум** | **9** |

[2]Овој критериум за избор во звање редовен професор ќе се применува до влегувањето на сила на членот 166 став (3) точка 5 од ЗВО (Сл.в. на РМ 82/2018), а потоа истиот станува дел од општите критериуми за избор во звање во редовен професор и не може да се вреднува како исполнет услов од посебните критериуми

| **ВТОР КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | X |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | X |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | X |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | X |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | X |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | X |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | X |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | X |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | |
| **Вкупно исполнети услови од втор критериум** | **8** |

| ТРЕТ КРИТЕРИУМ<br>Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | X |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | X |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | X |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или пошироката област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | |
| **Вкупно исполнети услови од трет критериум** | **5** |

| | |
|---|---|
| ***ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМ*** | **22** |

## 6. Заклучок и предлог

Врз основа на анализата на приложената документација на кандидатката д-р Мери Бошкоска, Комисијата констатира дека таа во целост ги исполнува општите услови за избор во редовен професор, согласно Законот за високото образование, како и вкупно 22услови од трите посебни услови, согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Кандидатката д-р Бошкоскаима остварено просечен успех од 9.2 на интегрираните додипломски и последипломски студии; поседува научен степен - доктор на науки од научната област во која се избира; автор е или коавтор на повеќе научно-истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години; има способност за изведување на високообразовна дејност што се потврдува со континуирано високи оценки од процесот на самоевалуација; има учествувано во повеќе домашни и меѓународни научно-истражувачки проекти; дава придонес во оспособување на млади кадри.

Имајќи ги предвид горенаведените констатации, како и досегашното искуство и резултатите во наставно-образовната, научно-истражувачка дејност истручно – апликативната дејност, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп да ја избере кандидатката д-р Мери Бошкоска во наставно – научно звање **редовен професор**во научните области ***Меѓународна економија (50307)*** и ***Финансии (50326)***, на Економскиот факултет – Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

**Рецензентска комисија**

1. д-р Михаил Петковски, редовен професор во пензија,
   Економски факултет – Скопје, претседател. с.р.

2. д-р Климентина Попоска, редовен професор
   на Економски институт – Скопје, член.с.р.

3. д-р Ристо Гоговски, редовен професор
   на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, член.с.р.

# **Р Е Ф Е Р А Т**

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТИТЕ

**МАРКЕТИНГ И МЕНАЏМЕНТ**

НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП

УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ „ БИТОЛА

Во врска со конкурсот за избор на наставник во сите звања од областите **маркетинг и менаџмент** на Економскиот факултет во Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, објавен во дневните весници - Лајм, на 05.03.2019 год., и Нова Македонија на 04.03.2019 год, наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп со одлука број 02-310/14 од 01.04.2019 година, формира рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите **Маркетинг** и **Менаџмент**, во следниот состав:

1. **проф. д-р Марика Башеска Ѓорѓиеска**, редовен професор во пензија, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, Економски факултет – Прилеп
2. **проф. д-р Нада Секуловска**, редовен професор во пензија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Економски факултет
3. **проф. д-р Изет Зеќири**, редовен професор на Факултетот за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, дописен член на МАНУ

По разгледувањето на пристигнатите материјали, врз основа на член 173 став 8 од Законот за високото образование, како и член 31 и член 32 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола, рецензионата комисија го поднесува следниов:

## **И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите **маркетинг и менаџмент**, објавен од страна на Економскиот факултет – Прилеп во дневните весници - Лајм, на 05.03.2019 год. и Нова Македонија на 03.04.2019 година, се пријави кандидатката проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп, Универзитет „Св. Климент Охридски“- Битола.

Врз основа на поднесената пријава, како и останатите расположливи документи, Комисијата ги изнесува следните констатации:

**Биографски податоци**

Кандидатката, проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска е родена во Битола на 24.09.1972 година. Основно и средно образование завршила во Битола, при што, со одлука на наставничкиот совет, е прогласена за најдобар ученик во својата генерација. Добитник е на општински, регионални и републички награди на натпревари и конкурси од повеќе наставни области, а посебно од областите на странските јазици и книжевноста. Континуирано користела стипендија за талентирани ученици веќе од прва година средно образование, и понатаму, во текот на универзитетските студии кои што ги реализирала на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на Економскиот факултет во Прилеп, на насоката Економија на претпријатија, во траење од осум семестри. Дипломирала во септември 1996 година, со просечен успех 8.90. Веднаш по дипломирањето, во октомври 1996 година се запишала на магистерски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Економскиот факултет во Скопје, на студиската програма по МАРКЕТИНГ, во траење од три семестри, не сметајќи ја истражувачката работа поврзана со изработката на магистерскиот труд. Магистрирала во 1999 год. на тема „Истражување на инструментите на маркетинг миксот – методи и апликација“, со што се стекнала со звање **магистер на економски науки од областа маркетинг**. Докторската дисертација ја пријавила на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на Економскиот факултет во Прилеп во 2003 год, на тема од областа на маркетинг менаџментот, и тоа „Промотивните активности во функција на ефикасноста и ефективноста на компаниите“, и успешно ја одбранила во 2008 год., со што се стекнала со звање **доктор на економски науки.**

Таа активно ги зборува англискиот, рускиот и хрватскиот јазик, а исто така има солидни познавања од италијанскиот и францускиот јазик, што и’ овозможува реализација на академски предавања на неколку странски јазици, непречено користење на најновата светска стручна литература, како и реализација и рецензија на преводи, имајќи во предвид дека таа е овластен судски преведувач по англиски јазик на Министерството за правда на Република Северна Македонија. Активно ги користи современите компјутерски апликации и технологии, и успешно ги инкорпорира во реализацијата на наставата на сите универзитетски циклуси, како и во научно-истражувачката работа.

Пред да ја започне својата академска кариера во високото образование, проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска стекнала повеќегодишно работно искуство во областа на бизнис секторот, јавниот сектор, како и во невладиниот сектор. Во продолжение се издвоени некои нејзини релевантни професионални ангажмани:

- Координатор за локален економски развој во кабинетот на градоначалникот на Општина Битола, во периодот од 2002 до 2003 год.;
- Раководител на секторот за маркетинг на АД „Пивара Битола“ – Битола, во периодот од 2000 до 2002 год;
- Референт за план и анализа во ДОО „Битолатекс Трикотажа“ Битола, во периодот од 1999 до 2000 год;
- повеќегодишно менаџирање со мал семеен бизнис.

## Наставно – образовна и научно-истражувачка дејност

Во 2003 година кандидатката е ангажирана во реализацијата на наставно-научниот процес на Економскиот факултет во Прилеп, како демонстратор на предметите Менаџмент, Деловно планирање и Маркетинг истражување. Исто така, таа е ангажирана и во доменот на меѓународната соработка на факултетот, во реализацијата на меѓународните проекти.

Во 2004 год. е избрана за ***соработник во звање помлад асистент,*** на група наставни дисциплини од областите **менаџмент и маркетинг,** а во 2007 год. и во звање ***асистент*** на истата група наставни дисциплини. Притоа ги реализирала вежбите на следните предмети – менаџмент, деловно планирање, маркетинг истражување, претприемништво и мали бизниси, деловна логистика и маркетинг на услужни дејности, со постојана вклученост во реализацијата на меѓународните проекти на факултетот.

Во 2009 год. е избрана за **наставник во звање доцент** на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ во Битола, Економски факултет во Прилеп, во областа **менаџмент.** До изборот за вонреден професор, д-р Снежана Мојсовска Саламовска ги реализирала предавањата и вежбите на следните **предмети** на Економскиот факултет:

- <u>Прв циклус универзитетски студии</u>
  - Менаџмент
  - Однесување на потрошувачите
  - Организациски менаџмент

- <u>Втор циклус универзитетски студии</u>
  - Менаџмент – напредно ниво
  - Менаџерска економија
  - Организациска култура и деловна етика

- <u>Трет циклус универзитетски студии</u>
  - Менаџмент
  - Стратегиски маркетинг менаџмент

- Глобален менаџмент

Била ангажирана како **професор на предметот Business Environment на Franklin University** од Охајо, САД, во текот на две генерации на студенти во континуитет, од основањето на магистерскиот студиум Master of Business Administration во Република Македонија, кој што во целост се реализира на англиски јазик.

Исто така, таа била ангажирана и како **професор на предметот Management of SME's** на регионалниот магистерски студиум - Master Programme in Entrepreneurship and Local Economic Development на Stafordshire University – United Kingdom / SEE University, Macedonia, реализиран во рамките на ЕУ Темпус проект во 2012 год. Во рамките на овој студиум кој што се реализира на англиски јазик, таа била **ментор на магистерски труд** на меѓународен студент од Приштина, Косово.

Во овој период таа била **ментор** на повеќе магистерски трудови, како и член на комисии за оценка и одбрана на магистерски и докторски трудови, како на редовните студиуми на Економскиот факултет, така и на регионалниот докторски студиум на англиски јазик DOCSME's, Entrepreneurship and Management of Small and Medium Sized Businesses".

Исто така, била член и на **рецензентски комисии** за избори на наставници и соработници, исто така била претседател и член на релевантни комисии на Економскиот факултет и Универзитет. „Св.Климент Охридски" во Битола, како на пр. Комисија за евалуација, Комисија за плагијаторство итн. Учествувала во повеќе меѓународни проекти, а била ангажирана и како евалуатор на меѓународни проекти во рамките на ЕУ програмата ERA.Net RUS Programme, Call in S&T Projects. Избрана е за член на Македонското научно друштво – Битола.

Во насока на натамошно професионално усовршување и развој, во овој период таа поднесла апликација за реализација на постдокторски студиум во областа на дизајнирањето на професионални обуки и програми за континуирана едукација и доживотно учење во областите на менаџментот и бизнисот, со тема "Instructional and methodological strategies for designing lifelong learning programmes in management and business with special emphasis on distance learning programmes design", во рамките на ЕУ програмата Basileus.

Во периодот **од изборот за вонреден професор до распишувањето на конкурсот за редовен професор**, проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска ги реализирала предавањата и вежбите на следните предмети на Катедрата за менаџмент, маркетинг и бизнис на Економскиот Факултет:

- <u>Прв циклус универзитетски студии</u>
  - Менаџмент
  - Бренд менаџмент
  - Маркетинг истражување

- <u>Втор циклус универзитетски студии</u>
  - Менаџмент – напредно ниво
  - Маркетинг истражување - напредно ниво
  - Менаџерска економија
  - Организациска култура и деловна етика
  - Организациски менаџмент

- <u>Трет циклус универзитетски студии</u>
  - Менаџмент
  - Стратегиски маркетинг менаџмент
  - Маркетинг истражување

Освен реализацијата на предавањата и вежбите по предметите од областа на маркетингот и менаџментот, проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска е **активно вклучена во креирањето на елаборатите за втор и трет циклус студии** на студиските програми од областа на маркетингот и менаџментот.

Проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска била член на повеќе **рецензентски комисии** за избор на наставници и соработници во различни звања, претседател и член на комисии на Економскиот факултет, како на пр.: Комисија за евалуација, Комисија за плагијаторство, член на **научни одбори** на меѓународни научни конференции на европски универзитети и научни списанија. Два пати била избирана за **шеф на Катедрата за менаџмент, маркетинг и бизнис** на Економскиот Факултет во Прилеп, Универзитет. „Св.Климент Охридски“ во Битола.

Таа активно се вклучува во активности од областа на академскиот и професионалниот развој на помладиот наставен кадар на универзитетот и пошироко.

Проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска досега била назначена за ментор на две докторски дисертации на македонски јазик, од вкупно стекнатите шест менторства на докторските студиуми. Таа исто така е член на повеќе комисии за оценка и одбрана на докторски дисертации на македонски и англиски јазик, на студиумите кои што се реализираат на македонски јазик, но исто така и на регионалниот докторски студиум кој што во целост се реализира на англиски јазик.

Во овој период таа била ангажирана како **член на три комисии за оценка и одбрана на докторски дисертации на Универзитетот Софија Антиполис**, Институт за Економија и Менаџмент (Institute Superieur d’Economie & Management) во Ница, Франција.

Реализирала бројни визитинг предавања, како и бројни академски мобилности и предавања на европски и останати странски универзитети, како што се Универзитетот во Дубровник, Република Хрватска, Универзитетот “Софија Антиполис“ во Ница, Франција, Универзитетот „Св.Климент Охридски„ во Софија, Република Бугарија итн. Учествувала во програмите

Еразмус+, CEEPUS,  како и во останати билатерални и мултиратерални програми. Член е на **научни одбори** на меѓународни научни конференции организирани од страна на европски универзитети, а во повеќе прилики била претседавач на работни сесии на меѓународни конференции.

Во овој период, таа исто така има реализирано бројни академски, научно истражувачки, стручни и останати ангажмани, како што се следните:

- учества во научни одбори на меѓународни научни и стручни конференции во земјата и во странство,
- ангажмани како истражувач во бројни научно-истражувачки проекти, како и проекти со апликативен карактер,
- менторства и учества во комисии за одбрани на докторски трудови
- менторства и учества во комисии за одбрани на бројни магистерски и дипломски трудови,
- учество во комисии за оценка на научно-истражувачки трудови на студентите на  Универзитет. „Св.Климент Охридски“ во Битола,
- ангажмани во проекти во соработка со бизнис заедницата, државните институции, невладиниот сектор, како и
- останати активности поврзани со исполнувањето на посебните услови за избор во звање редовен професор.

Проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска постојано и активно се ангажира во работата со студентите. Реализирала бројни студентски менторства, учествувала во реализацијата на многу студентски семинари и проекти, особено во соработка со студентската организација AIESEC, а посебно била активна во одделот за Talent Management и развојот на млади кадри. Учествувала како **ментор и консултант на** бизнис план натпревари, како на универзитетско ниво, така и во други организации, и континуирано реализирала апликативни истражувања и студии на случај, како и останати форми на соработка со респектабилни компании и организации. Исто така, таа силно ја поддржува и научно-истражувачката дејност на студентите, и активно учествува во универзитетските комисии за оценка на научно-истражувачките трудови на студентите. Еден е од иницијаторите за формално основање на Case Study Club на Економскиот факултет во Прилеп, со цел развивање на научно-истражувачката и апликативната дејност на студентите.

Како резултат на сето тоа, проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска во континуитет добива исклучително високи оценки на универзитетската евалуација од страна на студентите (над 4,30).

## Меѓународна проектна активност и стручно-апликативна дејност

Проф. д-р Снежана Мојсовска Саламовска учествувала во бројни меѓународни проекти, а во продолжение се наведени некои нејзини порелевантни ангажмани, во периодот од изборот за вонреден професор досега:

- „A knowledge Alliance in Eco-Innovation Entrepreneurship to Boost SMEs Competitiveness", Interreg Balkan Med Mediteranean EU Programme, 2017-2019, член на проектниот тим од Економскиот факултет - Прилеп
- Measuring the scope and quality of cooperation between the academia and business environment, Fundacja Rozwoju Systemu Edukacji, Narodowa Agencja Programu Erasmus+, Warszawa, Poland, 2018, senior researcher
- "Entrepreneurial education for youth" , Erasmus + project, position – expert on on-line course development, trainer-consultant, 2017-18, CEFE Macedonia
- Social and Economic Assistance Platform of Municipality of Chair, Skopje Interreg project, SEAP 2017, project expert
- "Dialog between youth and policy makers ", Erasmus + project, position – Senior researcher, 2016, CEFE Macedonia
- Regional Joint Doctoral Programme in Entrepreneurship and SME Management for Western Balkan Countries (DOCSMES), 2013-2016

Таа досега реализирала бројни предавања на повеќе **меѓународни летни и зимски школи**, како и предмети во целост за кои се доделени и Европски ЕКТС цертификати , и тоа:

- **ISEM 2014, Stage Intensif Neo Bacheliers**, Institute Superieur d'Economie & Management, Course – Strategic Brand Management University of Sofia Antipolis , Nice, France, 2014
- **International Summer School,** „Ss. Cyril and Methodius" University – Skopje, Macedonia, „Make a Difference – Become a CSR EU Leader", Ohrid, 2013
- **RESITA Summer School** – Social Entrepreneurship, Social Innovations and Social Business models. Project organiser: Academic Entrepreneurship and Innovation Network of SEE Universities, Ohrid, 2013
- **International Summer University Macedonia** (ISUM) во текот на три години - 2006, 2007, 2008, во организација на амбасадата на Кралството Холандија, како ко-професор на предметите Integrated Marketing Communications и Strategic Brand Management, во соработка со еминентниот професор Robert Lauterborn, со којшто реализира долгогодишна акаденска соработка,како и студиски престој на Државниот Универзитет во North Carolina at Chapel Hill, USA
- **International Winter University Macedonia (IWUM)** 2005, во организација на амбасадата на Холандија, како ко-професор на предметот Public Administration Management, соработка со професорот Marvin Hoffman PhD (во соработка е реализиран студиски престој на Appalachian State University in North Carolina, USA)
**18.** Trajkovska, B., Kocoski, Lj., Elmazi, K., Karapetkovska - Hristova, V., **Makarijoski, B**. - The influence of season on the cow milk quality and hygiene in dairy plant in Polog region, Journal of Agriculture and Animal Production Science for Rural Development Volume: Buletin, Volume VI, issue 2, ISSN 2224-7718, Durres, Albania, 2016;

Во трудот е утврдено влијанието на сезоната врз квалитет и хигиената на суровото млеко кое се преработува во мини млекара во Полошкиот регион. Податоците, анализирани во временски период од две години, се прикажани во табели од кои можи да се утврди дека во текот на целата година бројот на соматски клетки и вкупниот број на микроорганизми не ги надминува законските прописи. Додека пак вкупниот број на микроорганизми е највисок во текот на летните месеци.

**19.** Presilski, S., · Karapetkovska-Hristova, V., **Makarijoski, B.** Bojkovska, K., Mihajlovski, G., Chokuzovski, I. -State and projection of the goat's herd size and milk production in Pelagonia region, Journal of Agriculture and Animal Production Science for Rural Development Volume: Buletin, Volume VI, issue 2, ISSN 2224-7718, Durres, Albania, (2016);

Во трудот е направено статистичко прикажување на бројната состојба на козите и производството на козјо млеко во Р. Македонија за периодот од 2007-2014. Со примена на современи статистички методи, изработена е проекција за тоа како ќе се движи бројот на грла кози и количината на произведено козјо млеко до 2020 година.

**20.** Najdovski B., Tomovska, Dz., Mihajlovski, G., Jankulovski, N., Hristova, V., **Makarijoski, B**., Bojkovska, K., Trajkovska, B.: Applying different ways of accessing and learning in information systems for e-learning; International Journal of Emerging Trends & Technology in Computer science, ISSN 2278-6856,p:132-134, India, (2016); (**IF=7.143**)

Целта на истражувањето во трудот е да се дефинира што претставува е-учењето како и важноста од користењето на овој систем во процесот на учење. Во трудот прикажана е компаративна анализа на два софтвери, каде целта е да се утврдат предностите и недостатоците со цел нивно понатамошно подобрување.

**21.** Tomovska, J., Gjorgievski, N., **Makarijoski, B**. - Examination of pH, Titratable Acidity and Antioxidant Activity in Fermented Milk, Journal of materials Science and Engineering A 6 (11-12) (2016), 326-333, DOI:10.17265/2161-6213/2016.11-12.006;

Целта на истражувањето во трудот е да се испита активната и титрационата киселост, како и антиоксидативната активност кај хомогенизирано и стерилизирано

полномасно млеко во период од 15 денови. Утврдена е динамиката на активната и титрационата киселост,а највисоко ниво на антиоксидативна активност е утврдена веднаш после крајот на процесот на ферментација.

**22.** **Makarijoski, B**., Presilski, S., Dimitrovska, G., Velevski, S., K. Hristova, V. - The impact of starter cultures on pH and SH dynamics in the process of white brined cheese production**,** Дни на науката, ISSN 2534-9384 (On- line), Plovidv, Bulgaria (2017)**;**

Во овој труд е презентирано влијанието на различните стартер култури врз динамиката на активната и титрационата киселост за време на процесот на зреење кај бело саламурено сирење. Утврдено е минимално влијание на употребените стартер култури врз испитуваните параметри.

**23.** Jovanovska,V., Sovreski, Z., Hristovska,E. **Makarijoski, B**. - Energy balance of greenhouse with ground warming installation, International scientific journal INNOVATIONS, Year V, Issue 2 (2017), Sofia, ISSN Print 1314-8907;

Во овој труд е преставен енергетскиот баланс кај се постигнува кај стаклениците кај кои е инсталирано подно греење. Презентираниот систем за загревање е соодветен за контролирање на температурата на коренот, и притоа обезбедува минимум од потребната температура.

**24.** Jovanovska,V., Sovreski,Z., Hristovska,E. **Makarijoski, B.** – Reconstruction of internal combustion engines to run on biogas, International scientific journal Trans motoauto world, Year II, Issue 3 (2017), ISSN Print 2367-8399;

Во овој труд е презентиран начинот на реконструкцијата на моторите со внатрешно согорување, за нивна работа на биогас. Посебен осврт и математички пресметки се изработени за дизел моторите. Загадувањето на животната средина е една од главните причини што се препорачува употреба на биогасот како енергенс.

**25.** Tomovska, J., Stojanovska, S., **Makarijoski, B**.- Influence of fertilization and Agronomic Practices on Acrylamide formation: Review for potato and grain crops, Journal of scientific research & Reports, 15(3): 1-7, Art. No. JSRR.34512, ISSN: 2320-0227, DOI:10.9734/JSRR, (2017);

Во овој прегледен труд е прикажано влијанието на ѓубрењето и примената агрономските практики врз формирањето на акриламидите, со посебен осврт на: компир и житните култури.

**26.** Kostovska, L., Petkovska, A., Trajkovska, B., Beljanovska,L., **Makarijoski,B**., Kochoski, Lj.- Physico-chemical and microbiological changes during manufacture of white brined cheese, Proceedings conference of agronomy students with international participation, University of Kragujevac, Faculty of agronomy Cacak, Serbia, ISSN 2334-9883, (2017);

Во овој труд се презентирани физичко-хемиските и микробиолошките параметри кај белото саламурено сирење за време на процесот на производство. Параметрите се испитувани во три временски интервали. Од добиените резултати се констатирало висок број на микроорганизми во сите фази од производството, почнувајќи од суровото млеко. Тој број се намалувал како се зголемувала староста на производот, а причината е зголемувањето на количината на сол и киселоста на сирењето.

**27.** Srbinovska, E., **Makarijoski, B**., Dimitrovska, G., Hristova, V, Presilski, S.: The impact of different starter cultures on salt content dynamics in the process of white brined cheese production, Scientific works of the Union of scientists in Bulgaria, Plovdiv, Bulgaria Series C. Technics and Technologies, Vol. XV, ISSN 1311-9419 (Print), (2017);

Во овој труд е прикажано влијанието на стартер културите врз динамиката на содржина на сол кај три различни варијанти на бело саламурено сирење. Од добиените резултати може да се утврди дека стартер културите немаат влијание врз динамиката на содржина на сол кај белото саламурено сирење.

**28.** Casitovski, I., Hristova, V., **Makarijoski, B**., Joshevska, E., Bojkovska, K., Trajkovska, B.: A survey of snail farming technology (Helix aspersa maxima) in Pelagonia region, R. Macedonia Scientific works of the Union of scientists in Bulgaria, Plovdiv, Bulgaria Series C. Technics and Technologies, Vol. XV, ISSN 1311-9419 (Print), (2017);

Во овој труд е презентирана технологијата на одгледување на полжави од видот Helix aspersa maxima во приватна фарма во Пелагонискиот регион. Целта на овој труд е да се стави акцент на производство на полжави во еколошки услови во нашата земја, принос и квалитет на производот таргетиран за европскиот маркет.

**29.** Jovchevski, N., **Makarijoski, B**., Presilski, S., Bogdanova Popov, B., Ali Shariati, M., Usman Khan, M., K. Hristova, V.: Heavy metal level of propolis in R. of Macedoina, Scientific works of the Union of scientists in Bulgaria, Plovdiv, Bulgaria Series C. Technics and Technologies, Vol. XV, ISSN 1311-9419 (Print), (2017);

Во овој труд е испитувано нивото на тешки метали во примероци од прополис од два селектирани региони (низински и планински дел). Сите испитувани примероци ги задоволувале бараните стандарди предвидени од страна на FAO и WHO.

**30.** Najdovski,B., Prodanovska-Popovska,V., Mihajlovski,G., **Makarijoski, B.**: Internet of things (IoT): Communication, characteristics, results, International Journal of Engineering Science Invention, Vol.6, Issue 11, pp 80-82, (2017);

Во овој труд целта е да се презентира што претставува Интернет на нештата (IoT), кои се предностите на неговата употреба, кои се неговите карактеристики, како и технологиите кои се употребуваат за практична имплементација, (**IF 3.962**);

**31.** Kochovski, Lj., Kuzmanovska,L., Trajkovska, B., Dimitrovska, G., Kitanovski, D., **Makarijoski, B**.: Effect of the use of mycotoxin-adsorbing agents in cow's food. On the reduction of Alfatoxin m in milk, Scientific works of University of food technologies, Volume 64, Issue 1, pp:144-149; Plovdiv, Bulgaria, (2017);

Во овој труд е прикажана корисноста од употребата на апсорбирачки агенси на микотоксините, како додаток во исхраната на кравите. Алфатоксините претставуваат голема опасност за човековото здравје, бидејќи предизвикуваат мутации на DNA, како и слабеење на имуниот систем, па поради тоа добро да се спречи нивното влијание. Со употреба на Mycosorb како апсорбирачки агенс во исхраната, нивото на алфатоксини во испитуваните примероци значително се намалила.

**32.** Trajkovska, B., Kuzmanovska, L., Kochovski, Lj., **Makarijoski, B**., K. Hristova V.: A survey of seasonal variations of alfatoxin M1 in raw milk in Polog and Pelagonia region, Scientific works of University of food technologies, Volume 64, Issue 1, pp:139-143; Plovdiv, Bulgaria, (2017);

Во овој труд се презентирани сезонските варијации на алфатоксиот М1 во сурово млеко. Алфатоксинот е испитуван во два региони од нашата земја и тоа Полошкиот и Пелагонискиот регион во период од три години. Во зависност од сезоната, испитуваните примероци млеко покажаа дека нивото на алфатоксинот М1 сигнификантно повисок во зимскиот период, во споредба со резултатите добиени од летниот период.

**33. Makarijoski, B**., Presilski, S., Trajchevski, S., Trajkovska, B.: The impact of different starter cultures on pH and SH dynamics during the storage of three variants probiotic yogurt, Scientific works of University of food technologies, Volume 64, Issue 1, pp: 43-47; Plovdiv, Bulgaria, (2017);

Во овој труд испитувано е влијанието на различни чисти култури врз динамиката на активната и титрационата киселост, за време на лагерување кај три варијанти на пробиотички јогурт. Врз основа на добиените резултати утврдено е дека стартер културите имаат влијание врз динамиката на испитуваните параметри, кај различните варијанти пробиотички јогурт.

**34. Makarijoski, B**., Presilski, S., Trajchevski, S., Trajkovska, B.: The effect of different starter cultures on sensory properties of probiotic yogurt, Scientific works of University of food technologies, Volume 64, Issue 1, pp: 48-52; Plovdiv, Bulgaria, (2017);

Во овој труд врз основа на направена сензорна анализа, испитувано е влијанието на различните стартер култури врз сензорните карактеристики на крајниот производ и притоа е избрана најдобрата и најприфатливата варијанта на пробиотички јогурт од страна на консументите.

**35.** Karapetkovska-Hristova, V., **Makarijoski. B**., Ayaz Ahmad, M., Ntsomboh-Ntsefong, G., Mousa, N., Trajkovska, B., Dimitrovska, G.: Study Of Fat Content Dynamics In Dairy Products With The Simulations Of Artificial Neural Network (ANN) Model, IOSR Journal of Enviromental Science, Toxicology and Food technology(IOSR-JESTFT) e-ISSN:2319-2402, p-ISSN 2319-2399, Volume 12, Issue 3 Ver. I (March, 2018), pp 68-74; (**IF 3.462**)

Во овој труд е пратено влијанието на различните стартер култури врз динамиката на содржина на млечна маст кај бело саламурено сирење. Утврдено е дека стартер културата нема влијание врз динамиката на млечна маст во процесот на производство. Понатаму на податоците е извршена ANN анализа.

**36.** Karapetkovska-Hristova, V., Ayaz Ahmad, M., Makarijoski, B., Trajkovska, B., Mihajlovski, G., Ahmed Esraa, M.: Technological aspects related to prebiotics inclusion in the Macedonian dairy industry, International Journal of Advances in Science and Technology, ISSN(p):2321-8991, ISSN(e): 2321-9009, Vol-6, Iss-3, Spl. Issue-2, Sep. (2018), http://iraj.in; (**IF 3.15**)

Во овој труд беше пратен растот и развојот на бактерии од видот Bifidobacterium bifidus во период од 28 дена, кај три варијанти пробиотички јогурт, произведени со различен пребиотик (две варијанти) и една контролна проба произведена без додавање на пребиотик. Кај варијантите јогурт произведени со пребиотик е забележан поголем број на бактерии од видот Bifidobacterium bifidus, во споредба со контролната проба, а со тоа се докажува важноста на пребиотикот во производството на ферментирани млечни производи.

**37.** Presilski, S., Baltadzieva, M., **Makarijoski, B**., Velevski, S., K.Hristova, V., Kuzelov, A.:The influence of different starter cultures on cheese yield and mass loss during ripening period of white brined cheese, Scientific works of University of food technologies, Volume 65, Issue 1, pp: 29-33; Plovdiv, Bulgaria, (2018);

Во овој труд е пратено влијанието на различни стартер култури врз рандманот на белото саламурено сирење, како и губитоците на маса кои се јавуваат за време на процесот на зреење. Врз основа на добиените резултати утврдено е дека стартер култури немаат влијание врз испитуваните параметри.

**38.** Dimitrov, S., K.Hristova, V., Kochovski, Lj., Trajkovska, B., **Makarijoski, B.,** P.Popovska, V., Ntsomboh, G.,: The Effect of Season and Parity on the Reproductive Performance of Sows, Macedonian Veterinary Review, (2018), 41(2): 163-168;

Во овој труд е испитуван ефектот на сезоната и бројот на партуси врз репродуктивните карактеристики на маториците. Резултатите покажуваат дека сезоната на оплодување кај маториците има значаен ефект врз интервалот на одлачување до првиот еструс, стапката на заплоденост и големината на леглото, особено во есента, зимата и пролетта.

## III. Стручно апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Борче Макаријоски во изминатиов период успешно ги врши сите експертски активности што се изведуваат на катедрата за прехранбена технологија, во смисла на припрема на документација за потребите на производствените погони од областа на безбедноста на храна. Покрај тоа ангажиран е и во апликативната работа на лабораторијата за екстракција на етерични масла, како и во припремата на документацијата за акредитација на истата.

## IV. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА

Покрај општите услови предвидени во Законот за високо образование, асистент докторант д-р Борче Макаријоски, ги исполнува и посебните услови за избор во звање предвидени со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола. Од наведените критериуми во **Анкес 1** од Правилникот кандидатот ги исполнува условите обележани со **X.**

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати од научно-истражувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | **X** |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | **X** |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | **X** |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | **X** |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | |
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |

| | |
|---|---|
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од пошироката научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)[2] | |
| ***вкупно исполнети услови од прв критериум*** | **4** |

| **ВТОР КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно-истражувачки подмладок** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | **X** |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | **X** |
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | **X** |
| ***вкупно исполнети услови од втор критериум*** | **3** |

| ТРЕТ КРИТЕРИУМ<br>Стручно-применувачка или стручно-уметничка<br>дејност | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | **X** |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, архитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | **X** |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | **X** |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | **X** |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | **X** |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се избира | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ решенија | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | **X** |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | **X** |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индуст сопственост риска | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или пошироката област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | **X** |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | **X** |
| ***вкупно исполнети услови од трет критериум*** | **8** |
| ***ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМ*** | **15** |

## V. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на разгледаниот и анализиран доставен материјал од кандидатот д-р Борче Макаријоски, Рецензионата комисија констатира дека пријавениот кандидат ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање доцент, согласно член 165, 166, 172, 173 од Законот за високото образование (Сл. весник 82/18) и членовите 14, 15, 29, 30, 31 и 32 од Правилникот за посебните Услови и постапката за избор во наставно-

научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Рецензионата комисија со задоволство му предлага на Наставно - научниот совет на Факултетот за биотехнички науки - Битола, да го избере кандидатот **д-р Борче Макаријоски** за наставник од научните области 40805 - Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, 40808 - Друго, во наставно - научно звање **ДОЦЕНТ**.

Рецензиона комисија:

1. Проф. д-р Стефче Пресилски – Претседател, с.р

2. Проф. д-р Гордана Димитровска – член, с.р

3. Доц. д-р Билјана Трајковска – член, с.р

**До**

**Наставно - научниот совет на**
**Факултетот за биотехнички науки - Битола**
**при Универзитет „Св. Климент Охридски“**
**Битола**

**Предмет:** Извештај за оценка на докторската дисертација на кандидатот м-р Зоран Бардакоски

Наставно – научниот совет на Факултетот за биотехнички науки – Битола, при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на седницата одржана на 11.04.2019 година, со Одлука број 02-409/2, формира Комисија за оценка на докторскиот труд на кандидатот м-р Зоран Бардакоски, студент на трет циклус докторски студии, на студиската програма „Технологија и безбедност на прехранбени производи“, со досие број 14 и пријавената тема на докторскиот труд под наслов **„Испитување на индикаторите на ризик од аспект на безбедност на храната во домаќинствата во Република Македонија“**, во состав:

1. Д-р Трајче Дојчиновски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки – Битола, ментор;

2. Д-р Љупче Кочоски, редовен професор на Факултетот за биотехнички науки – Битола, член;

3. Д-р Методија Трајчев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – член;

4. Д-р Николче Јанкуловски, вонреден професор на Факултетот за биотехнички науки – Битола, член;

5. Д-р Гордана Димитровска, вонреден професор на Факултетот за биотехнички науки – Битола, член.

Врз основа на Законот за високо образование (Сл. весник на РМ број 35/2008) и согласно член 55 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола од 30.11.2011 година, по деталниот преглед на изработениот докторски труд од кандидатот м-р Зоран Бардакоски, Комисијата за оценка до Советот на докторски студии на Факултет за биотехнички науки – Битола го поднесува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. Биографски податоци

Кандидатот м-р Зоран Бардакоски, е роден на 26 јуни 1969 година во Битола. Основното и средното образование ги завршува во Битола. Во 1998 година се запишува на Вишата земјоделска школа при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, а во 2001 година ги завршува студиите и се стекнува со диплома **Инженер по сточарство**. Во 2003 година ги започнува осумсеместралните студии на Факултетот за биотехнички науки во Битола, насока Преработка на анимални производи. Дипломира во 2007 година со успешна одбрана на дипломскиот труд и се стекнува со диплома **Дипломиран инженер за преработка на анимални производи**. Во 2010 година се запишува на втор циклус – магистерски студии на Факултетот за биотехнички науки во Битола, на студиската програма Менаџмент во биотехниката. Магистрира во 2013 година со среден успех 9,28 и се стекнува со научен назив **Магистер по менаџмент во биотехниката**.

Во 2016 година се запишува на трет циклус – докторски студии на Факултетот за биотехнички науки при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на студиската програма Технологија и безбедност на прехранбени производи, при што согласно структурата на студиската програма дефинирана во Елаборатот за организирање на трет циклус академски универзитетски студии, реализирани се сите предвидени активности.

Од 2003 година, **вработен е** во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството како Координатор за односи со јавност и советник по сточарство, национален координатор по органско производство, раководител на одделение за агро-економски пресметки и комуникации, и од 2014 до денес раководител на регионален центар Битола. Од 2017 година е и член на извршниот одбор на Мрежата на советодавни служби на земјите од југоисточна Европа.

Има **учествувано на голем број домашни и меѓународни конференции** и работилници, меѓу кои: меѓународната работилница за иновации во микро-економските бази на податоци во земјоделството Пачиоли 19 - со тематска содржина: „Улогата на мрежата за сметководствени податоци за фарма по реформата на Заедничката земјоделска политика – корисност на микроекономските бази на податоци во земјоделството“, во Талин, Естонија во 2011 година и Пачиоли 20 - со тематска содржина: „Комплексни фарми и одржливост во собирање на податоци на ниво на фарма“, во Рим, Италија, во 2012 година; потоа, Регионална конференција на Мрежата на советодавни служби на земјите од југоисточна Европа, во Софија, Бугарија во 2015 година; Координативна конференција за Развој на Отворени едукативни ресурси и блендирани модули за земјоделство и рурален развој, одржана во Ханиа, Крит, Грција, во Институтот за медитерански култури и сл.

Има **посетувано голем број обуки со стекнати сертификати**, меѓу кои: Проектен менаџмент и Односи со јавност и медиуми, во организација на Шведската меѓународна развојна агенција и Шведската статистика; Употреба и примена на базата на податоци за перформанси во растителното производство, во организација на Организацијата за земјоделство и храна на Обединетите нации; Техники и технологии за организација на органското производство и Пристапи кои се користат во интегралното производство – техники за менаџмент со болести и штетници, во организација на Земјоделскиот универзитет во Пловдив, Бугарија; Органско сточарско производство, принципи за одгледување на медитерански култури, маслинки и производство на маслиново масло, во организација на Институтот за медитерански култури во Ханиа, Грција, Прилагодување со климатските промени во земјоделството, во организација на Универзитетот во Вагенинген, Холандија итн.

Автор е на повеќе научни трудови објавени во меѓународни научни списанија. Течно зборува, чита и пишува на **англиски јазик** и на јазиците од просторите на бивша Југославија. Одлично **користи компјутерска технологија**, пакетите MS Office, Adobe, Corel и сл.

## 2. Актуелност на темата

Безбедноста на храната е дефинирана како степен на доверба дека храната нема да предизвика болест или штета на потрошувачот кога ќе се подготви, ќе се служи и ќе се јаде според нејзината намена. За безбедноста на храната постои меѓународна загриженост. Значителен дел од болестите што се пренесуваат преку храната се должи на небезбедните практики за ракување со храна. Светската здравствена организација (СЗО) објави дека овие болести го засегаат повеќе од 30% од населението во развиените земји. Се очекува проблемот да биде уште поголем во земјите во развој. Така, подобрувањето на знаењето на потрошувачите за правилата за безбедност, ќе ги минимизира хемиските, физичките и биолошките опасности во храната. Постои голем академски интерес за да се испита знаењето и самопријавените практики за безбедноста на храната во светот.

Вредноста на современиот пристап кон безбедноста на храната се гледа во тоа што ги вклучува сите алки во синџирот на храната. Се разбира дека безбедноста на храната зависи од тоа дали дефинираниот систем за безбедност функционира во сите сегменти на производство на храна. Затоа тој треба да биде контролиран и проверуван. Последната алка во синџирот на храната е малопродажбата на храна или местото каде што храната ќе стане достапна на потрошувачот. Апсолутна безбедност на храната, без разлика колку е системот добар, функционален, контролиран и проверуван, не е можно да се обезбеди и да се гарантира.

Потрошувачите во многу општества се чини дека не се запознаени со идеалната температура за ладење. Голем број потрошувачи не користеле термометар за време на подготовката на храната. Повеќето потрошувачи немаат свест за различните видови на бактерии, а особено за патогените. Потенцијалните несакани состојки во храната опфаќаат широк спектар од природни (на пр. микотоксини) и загадувачи од животната средина (на пример, диоксини) до агрохемикалии (на пример, пестициди и остатоци од ветеринарни лекови) и многу повеќе. Безбедноста на храната стана главното прашање од јавен интерес во однос на бактериските епидемии и претпоставува намалена доверба на потрошувачите во здравствената исправност на прехранбените производи. Реинсталирањето на довербата во храната сега претставува голем комерцијален предизвик за прехранбената индустрија.

Болестите кои се пренесуваат со храната не се реткост и во најголемиот број на случаи, тие се поврзани со биолошки опасности, пред сè бактерии. Ако овие болести кај луѓето се со епидемичен карактер, разбирливо е дека тие привлекуваат големо медиумско внимание и предизвикуваат загриженост кај потрошувачите. Болестите кои се пренесуваат со храната не претставуваат опасност само за здравјето и животот на луѓето, туку исто така предизвикуваат огромни економски загуби. Загриженоста на потрошувачите можеби е оправдана, но анализите за зачестеноста на појавата на болести предизвикани со храна покажуваат и одговорност на потрошувачите за нивната појава. Имено, одговорноста за безбедноста на храната се пренесува на потрошувачот практично во моментот кога храната доаѓа во неговата кошница.

Иако е широко прифатена теоријата од страна на експертите за храна дека многу случаи на болести поврзани со храната се јавуваат како резултат на неправилно ракување и подготовка на храната на страна на потрошувачите, самите потрошувачи и понатаму не се свесни за овие факти. Напредокот во разрешување или намалување на ризиците кои произлегуваат од грешките на потрошувачите при неадекватна примена на практиките со кои се обезбедува безбедност на

храната, зависи од правилната идентификација на грешките направени од потрошувачите во нивните кујни, но исто така зависи и од развојот образовни стратегии или стратегии на информирање кои обезбедуваат корективни пораки до потрошувачите. Постојат пет главни фактори за контрола на патогените кои треба да се истакнат во програмите за едукација за безбедност на храна за потрошувачите. Овие контролни функции вклучуваат практикување на лична хигиена, спречување на вкрстената контаминација, избегнување на храна од небезбедни извори, соодветно готвење на храната и чување на храната на безбедни температури.

Резултатите од студиите на потрошувачите кои се однесуваат на знаење и практики на безбедноста на храната, покажаа дека потрошувачите се свесни и размислуваат за безбедноста на храната, иако има многу недостатоци во знаењата и практиките за безбедност на храната што може да резултира со болести што се пренесуваат преку храната. Освен фактот дека јавноста во голема мера е загрижена за ризиците поврзани со храната, зголемениот број на случаи на труење со храна сугерира дека луѓето сеуште донесуваат одлуки за конзумирање, складирање и подготовка на храна кои се помалку идеални од гледна точка на здравје и безбедност.

Безбедната храна е едно од најважните човекови права, а заштитата на развиеното општество од болести и подобрување на човековото здравје е од примарна важност и е важна и за владите и за индустриите, но и за самите потрошувачи. Затоа, анализата и проценката на индикаторите на ризик кои се од значење за безбедноста на храната во домаќинствата е важна тема која сé почесто излегува на површина во јавните расправи и токму од тие причини главниот фокус на ова истражување беше да се проценат практиките за безбедноста на храната и знаењето на потрошувачите, како и да се откријат какви било врски помеѓу свеста за безбедноста на храната и социо-демографските карактеристики.

Според тоа, врз основа на изнесеното може да се заклучи дека темата на докторскиот труд „Испитување на индикаторите на ризик од аспект на безбедност на храната во домаќинствата во Република Македонија“, претставува исклучително актуелна тема, а со изведените заклучоци од резултатите од ова истражување се поддржува хипотезата дека развојот и испораката на програма за едукација за безбедност на храната за потрошувачите ќе го зголеми знаењето за безбедноста на храната и укажува на прифаќање на практики за безбедно ракување со храната. Ова веројатно ќе го намали ризикот и инциденцата на болести што се пренесуваат преку храната.

## 3. Предмет и цел на дисертацијата

Врз основа на проблемот, односно предметот на истражувањето: анализа и проценка на индикаторите на ризик кои се од значење за безбедноста на храната во домаќинствата, се дефинира целта на истражувањето.

Целта на истражувањето во рамките на оваа докторска дисертација е да се соберат податоци за информираноста и знаењето на потрошувачите за безбедноста на храната, постапките со храната во домаќинствата и условите за складирање, како и да се испита контаминацијата на работните површини во кујната и температурата во фрижидерите, односно ова истражување обезбедува податоци за преваленција на различни ставови, само-пријавеното однесување и знаењето за начините на кои храната е купена, складирана, подготвена и конзумирана.

Сето тоа е во насока на обезбедување податоци за хигиената и безбедноста на храната и другите прашања поврзани со храната со цел:

- да се истражи јавното разбирање и ангажирање во безбедноста на храната;
- да се процени познавањето на пораките и интервенциите со цел подигање на свеста и менување на однесувањето;

- да се опишат ставовите на јавноста во однос на производството на храна и системот на храна;
- да се следат трендовите во пријавеното однесување, ставовите и знаењето и да се овозможи споредба со податоците од други извори;
- да се идентификуваат целни групи за идни интервенции (на пр. изложени на ризик или оние меѓу кои политиките и иницијативите на надлежните институции најверојатно ќе имаат најголемо влијание).

На крајот, резултатите од истражувањето на квалитетен начин, базиран на методологија на научно-истражувачка работа, треба да бидат достапни на научната и стручната јавност со што би се овозможила нивна примена во практика.

За да се постигнат овие цели, поставени се следниве задачи:

1. Преку анкета да се испита:

а) Општи информации за домаќинствата (број на членови на домаќинството, образование, возраст, пол);

б) Информираност на потрошувачите за безбедноста на храната (биолошки агенси);

в) Примена на добрите практики во домаќинствата (набавка, начин и услови за складирање, одржување хигиена, знаење, ракување, подготовка, постапки со храната);

г) Труење со храна;

2. Испитување на температурата во фрижидерите;

3. Испитување на присуството на органска материја на штиците за сечкање во кујната.

Со развивање на теориски модел, објаснувајќи ги потребите за употреба на безбедна храна, ова истражување ги анализира ставовите, информираноста и однесувањето на потрошувачите во македонските домаќинства за безбедноста на храната, при што се дефинираат следните тези:

**Теза 1:** Небезбедните практики за хигиена на храната се поврзани со недостаток на знаење со акцент на потребата за зголемување на свеста за безбедноста на храната кај потрошувачите.

**Теза 2:** Најдобар начин да се практикува безбедност на храната и да се елиминираат ризиците поврзани со неа е добрата информираност на потрошувачите.

**Теза 3:** Науката за храна или основите за хигиената на храната, како и ризиците кои произлегуваат од небезбедни практики не се изучуваат доволно во училиштата.

**Теза 4:** Идеален начин за да се започне со едукација е обезбедувањето на правила и постапки за насочување на потрошувачите, кои се подеднакво одговорни како и професионалците во прехранбената индустрија, во обезбедување на безбедност на храна во домот.

**Теза 5:** Воспоставениот систем за управување со безбедноста на храната (на пример, HACCP, добра хигиенска пракса, добра производна пракса и сл.) обезбедува безбедност на храната низ целиот синџир на исхрана „од нива да трпеза", но треба да се адаптираат дополнителни мерки со цел да се гарантира точна хигиена и безбедност на храната во домаќинствата.

## 4. Структура и содржина на докторската дисертација

Докторската дисертација „Испитување на индикаторите на ризик од аспект на безбедност на храната во домаќинствата во Република Македонија“, е напишана на 283 страници, со стандардна графичка обработка на текстот. Во текстот има 461 цитирана библиографска единица или појаснување кон текстот, а пописот на користената литература и интернет ресурсите опфаќа вкупно 134 библиографски единици. Обработената содржина на текстот е поддржана со 8 слики, 148 графикони, 3 табели во рамките на текстот, а врз основа на 59 табеларни прегледи во кои се наоѓаат податоците од анкетното истражување се изработени графичките прикази на резултатите.

**Докторската дисертација е организирана во 9 поглавја и тоа:**

1. **Вовед.** Во воведот се прикажани:
   - кратко воведување во проблематиката,
   - значењето на анализата и проценката на индикаторите на ризик кои се од аспект на безбедноста на храната во домаќинствата, и
   - главниот фокус на ова истражување - да се проценат практиките за безбедноста на храната и знаењето на потрошувачите, како и да се откријат било какви врски помеѓу свеста за безбедноста на храната и социо-демографските карактеристики.

2. **Преглед на литературата** Во прегледот на литературата се прикажани теоретските основи кои се однесуваат на:
   - позначајните научни достигнувања во светската литература, а кои се однесуваат опасностите кои се наоѓаат во прехранбените производи, а се ризик и опасност по здравјето на потрошувачите.
   - хемиските, физичките и биолошките супстанции кои може да се најдат во храната, со јасно нагласување на нивните карактеристики, причини за употреба, како и можното влијание врз здравјето на луѓето. Наведени се најзначајните претставници со оглед на значењето, во смисла на раширеноста на конзумација, како и нивната токсичност.
   - интенцијата да се разјаснат и некои заблуди на кои се подложени потрошувачите, како и да се изложат некои научно втемелени докази за безбедноста на одредени додатоци во храната, добрата производна пракса и цврстата законска регулатива, со кои дополнително се осигурува безбедност на прехранбените производи.
   - анализата на ризикот, која е структуриран, систематски процес кој ги испитува потенцијалните негативни здравствени ефекти поврзани со одредена опасност и развива опции за намалување на ризикот од одредена опасност со интерактивна комуникација меѓу сите засегнати страни вклучени во овој процес, се состои од проценка на ризикот, управување со ризикот и комуникација со ризикот.

3. **Цели на и стражувањето .** Во целите на истражувањето се опишани задачите и целите кои се конкретизирани и добро формулирани, пришто е постигната целта и се потврдени тезите на докторскиот труд. Притоа во овој дел:
   - дефиниран е проблемот, односно предметот на истражувањето: анализа и проценка на индикаторите на ризик кои се од значење за безбедноста на храната во домаќинствата; и
   - дефинирана е и целта на истражувањето во рамките на оваа докторска дисертација: да се соберат податоци за информираноста и знаењето на потрошувачите за безбедноста на храната, постапките со храната во домаќинствата и условите за складирање, како и да се испита контаминацијата на работните површини во кујната и температурата во фрижидерите, односно ова истражување обезбедува податоци за преваленција на различни ставови, пријавеното однесување и знаењето за начините на кои храната е купена, складирана, подготвена и конзумирана.

4. **Материјали и методи на работа .** Во овој дел се опишани материјалите и методите кои се користени при истражувањето. Методите кои се применети во истражувањето се современи, јасни, концизни и соодветно користени. Истите опфаќаат:

   а. **Анкетирање,** со кое се испитани:

- општи информации за домаќинствата (број на членови на домаќинството, образование, возраст, пол);
- информираност на потрошувачите за безбедноста на храната (биолошки агенси);
- Примена на добрите практики во домаќинствата (набавка, начин и услови за складирање, одржување хигиена, знаење, ракување, подготовка, постапки со храната);
- труење со храна;

б. **Физички испитувања,** преку кои се вршеше:

- мерење и испитување на температурата во фрижидерите;

в. **Хемиски испитувања,** со кои се вршеше:

- испитување и докажување на присуството на органска материја на штиците за сечкање во кујната.

г. Развивање на теориски модел, објаснувајќи ги потребите за употреба на безбедна храна, ова истражување ги анализира ставовите, информираноста и однесувањето на потрошувачите во македонските домаќинства за безбедноста на храната.

**5.** **<u>Резултати</u> .** Во овој дел се презентирани резултатите од научно-истражувачката работа, а врз основа на кои се зајакнува потребата за обезбедување на правила и постапки за насочување на потрошувачите кои се подеднакво одговорни како и професионалците во прехранбената индустрија, обезбедувајќи безбедност на храната во домот. Истите се прикажани табеларно и графички, а опфатија анализа на податоци од 3 сегменти, во чиј домен се реализираше научно- истражувачката работа:

**а. Анкетирање, преку анкетен прашалник** кој содржи девет различни модули подредени во 5 поглавја, кои се однесуваат на голем број различни однесувања, ставови и знаење во врска со безбедноста на храната во домаќинствата и тоа: Информации за членовите на домаќинството, Навики за јадење, Навики за купување, Навики за готвење, Обезбеденост со храна, Безбедност на храната, Проблеми со храната, Здравје и Демографија. Врз основа на добиените резултати од анкетата, резимирано е дека:

- најголем дел од испитаниците (88%) пријавиле најмалку некаква одговорност за готвење или подготовка на храна во домот, од кои половината се одговорни за целокупното или најголемиот дел од готвењето. Жените за разлика од мажите статистички значително имаат целокупна одговорност.
- јадењето дома секој ден е најчесто кај испитаниците кои живеат во домаќинства со најнизок приход и станаува помалку вообичаено со зголемување на приходите, особено за ручек и вечера.
- 15% од испитаниците изјавиле дека некогаш страдале од несакана реакција при јадење на одредени видови храна. Понатаму, 5% изјавиле дека избегнуваат одредени видови храна поради негативните реакции што може да ги предизвика храната.
- нешто под половина (43%) од испитаниците со алергија на храна имале клинички дијагностицирана состојба. Помал дел (24%) од испитаниците со нетолеранција за храна, имале клинички дијагностицирана состојба.
- пилешко и мисиркино месо се консумираат почесто од црвеното месо со 30% од испитаниците кои одговориле дека јаделе ваква храна 3-4 пати неделно.
- статистички сигнофикантен дел од испитаниците (86%) пријавиле најмалку некаква одговорност за купување храна за домаќинството, со што половина од

испитаниците (50%) одговориле дека тие се одговорни за сите или поголемиот дел од набавките.

- големите супермаркети се продавниците каде што повеќето домаќинства (86%) најчесто вршат набавка на храна и намирници.
- статистички значителен број од испитаниците (83%) пријавиле дека домаќинството никогаш во последните 12 месеци не било загрижено дека храната ќе се потроши пред да има пари за да купат повеќе.
- 87% од испитаниците пријавиле секогаш миење на рацете веднаш по ракувањето со сурово месо, живина или риба. 90% од жените пријавиле дека секогаш мијат раце веднаш ракување со сурово месо, живина или риба.
- статистички значајно, 81% од испитаниците изјавиле дека секогаш ја готват храната додека не се зготви добро и целосно, а проверката е најчесто визуелна.
- мнозинството од испитаниците (79%) изјавија дека само еднаш повторно ја загреваат храната.
- од испитаниците кои имаат фрижидер, половина (50%) пријавиле дека тие или некој друг ја проверува температурата, додека малку под половина (48%) изјавија дека никогаш не ја проверувале температурата на фрижидерот.
- мнозинството (80%) од испитаниците кои изјавиле дека ја проверуваат температурата на фрижидерот, се изјасниле дека тоа го прават најмалку еднаш месечно, што е во согласност со препорачаните добри практики.
- статистички значителен дел од испитаниците (48%) изјавија дека температурата во фрижидерот треба да биде помеѓу 0 и 5°C, која е препорачана температура.
- статистички највисок процент од испитаниците за одмрзнување на месо или риба го користат методот на оставање на месото или рибата на собна температура (58%), што не е препорачливо.
- статистички поголем број на испитаниците изјавиле дека секогаш користат различни штици за сечкање за различни видови на храна.
- Половина (54%) од испитаниците изјавија дека секогаш го мијат овошјето што треба да се јаде сурово, додека 16% од испитаниците изјавиле дека никогаш не го мијат овошјето.
- во поголем број испитаниците изјавиле дека го мијат зеленчукот кога се јаде суров, и тоа 63% изјавиле дека тоа секогаш го прават.
- мирисот на храната е највообичаениот начин за кој испитаниците одговорија дека го употребуваат на прашањето дали месото, млекото, јогуртот и рибите се безбедни за јадење.
- три четвртини (75%) од испитаниците изјавиле дека го користат методот според датумот на употреба како индикатор за тоа дали храната е безбедна за јадење.
- домаќинствата ја стекнале практиката на примена на безбедност на храната во домаќинствата според сопствено искуство, медиуми и членови на семејството и пријатели. Статистички значително помал број испитаници не слушнале за безбедноста на храната.
- препознавањето на стандардите и системите за оценка на хигиената и безбедност на храната е со висок процент, со 83% од испитаниците кои изјавиле дека ги препознаваат.

- статистички значително, 44% од испитаниците изјавиле дека имале храна труење, мажите (47%) во поголем процент од жените (43%) изјавиле дека имале труење со храна.
- статистички значајни (76%) од испитаниците сметаат дека веројатно нема да добијат труење со храна од храната подготвена дома.
- статистички значителни 46% од испитаниците изјавиле дека се многу добро или добро информирани за хемикалиите кои се намерно додадени на храната од страна на производителите.
- половина (53%) од сите испитаници се согласија дека секаде каде што е можно сакаат да купат храна произведена во Република Македонија.
- осумдесет и девет проценти од испитаниците се согласија со изјавата дека е важно да се поддржат македонските земјоделци и производители на храна.

**б. Мерење на температурата во фрижидерите,** при што се мереше и набљудуваше внатрешната температура на различни места во домашниот фрижидер и надворешните контролирани услови во просторијата во која се наоѓа фрижидерот. Температурата во фрижидерот се мереше со термометарот ETI 810-225 наменет за контрола на температурата во фрижидерите и замрзнувачите. Притоа резимирано е дека:

- просечно температурата во фрижидерите изнесува 7,46 ± 2,80°C. Статистички значително повисока просечна температура била утврдена на вратата, во однос на просечните температури на горните или долните полици на фрижидерот.
- во рамките на истражувањето, при споредбата на температурите на различни места во фрижидерот, во зависност од типот на фрижидерот, утврдено е дека температурите на горните полици на фрижидерите со преграда за замрзнување (4,88°C) биле пониски во однос на температурите на горните полици на комбинираните фрижидери (7,57°C). Фрижидерите со преграда за замрзнување имале пониска просечна температура (5,64°C) од комбинираните фрижидери (7,76°C), односно фрижидерите без замрзнувач (7,22°C).
- при споредба на температурите на различни места во фрижидерот, во зависност од типот на фрижидерот, утврдено е дека температурата на горните полици на фрижидерите со преграда за замрзнување (4,88 ± 2,83°C) биле статистички значително пониски ($p<0,05$), во однос на температурите измерени на горните полици во комбинираните фрижидери (7,57 ± 2,70°C).
- при споредба на температурите на долните полици и на вратите на различни типови на фрижидери, не се утврдени статистички значајни разлики. Не се утврдени статистички значајни разлики во температурите на различни места во фрижидерите со различна старост. Споредувани се температурите на полиците и вратите на фрижидерите кај испитаниците кои го нагодуваат термостатот и оние што не го нагодуваат.

**в. Докажување на присуството на органска материја** на дрвените и пластичните подлоги за сечење во домаќинствата, кое се вршеше со помош на VERIcleen ленти. Органските материи (протеините) на подлогите за сечење се испитуваа со метод на земање на брис со кој се докажуваат остатоци од протеини. Притоа резимирано е дека:

- на дрвените штици за сечкање, утврдена е статистички значително повисока фреквенција на органска материја во однос на пластичните штици. Имено, органските материи можат да останат во засеците кои се прават со ножот при

сечкањето. На дрвените штици при сечкање се прават засеци кои е тешко да се исчистат, додека пластичните штици се направени од потврд материјал, така што засеците не се толку чести и длабоки, а одржувањето на хигиената е полесно заради можноста за нивно чистење во машина за миење на садови.

- присуството на органски материи на штиците за сечкање е прикажано во табеларно и графички. Кај дрвените штици за сечкање (77,44%) е утврдена статистички поголема зачестеност ($p<0,01$) на органски материи во однос на пластичните штици за сечкање (34,52%).

**6. <u>Дискусија</u>.** Во овој дел се обработуваат сегментите од обработената литература и реализираната научно-истражувачка работа, а притоа се:

- анализирани и дискутирани прашањата за податоците во однос на членовите на домаќинството и социо-демографските податоци за домаќинството со информации за: возраст, број, пол, брачна состојба, деца под 6 и 16 години, работен статус, приходи, образование, религиозна и регионална припадност.
- дискутирани и посебните прашања за безбедноста на храната, и тоа: системите за храна, прехранбената индустрија, уличната храна, инфраструктурата за контрола на храната и соодветните ресурси, безбедност на храната, квалитет и заштита на потрошувачите, индикаторите за безбедност на храната во домаќинствата, националните системи за контрола на храната, принципите на контрола на храната, интегрираниот концепт „од фарма до трпеза“, како и анализата на ризик.

**7. <u>Заклучок</u>.** Во овој дел се прикажани заклучните согледувања кои произлегуваат од обработената тематика, а притоа се:

а. Презентирани заклучоците кои произлегуваат од докторскиот труд, и тоа:

- врз основа на добиените резултати од истражувањето од каде се извлечени 30 заклучоци,
- врз основа на идентификуваните проблеми во теоретскиот и практичниот дел од овој труд, од каде се изведуваат и седум генерални заклучоци, во насока на исполнување на целите.

б. Дадени препораки, каде кандидатот дава одредени препораки и постапки за:

- безбедност на храната во домаќинствата, пришто се проучени клучните приоритетни проблеми во хигиената на храната и критичните активности за подобрување на хигиената со ефективни и одржливи хигиенски интервенции насочени кон специфични критични акции во ракувањето со храната во домот.
- дадени се постапки при труење со храна, со оглед на тоа што труењето со храна може да биде предизвикано од бактерии, бактериски токсин/и или вируси.
- дадена е препорака за имплементација на добри практики во домаќинствата, бидејќи основната цел на сите добри практики во кругот на безбедноста на храната е да им обезбедат на потрошувачите безбеден и квалитетен производ. Добрите практики во синџирот со храна опфаќаат и добра пракса во домаќинствата.
- дадена е препорака за потребата од едукација и информирање на потрошувачите во однос на безбедноста на храната и болестите поврзани со храната.

**8. <u>Користена литература</u>.** Во овој дел се дадени се 134 референци, од кои се користени значителни податоци за анализа и обработка на добиените вредности во истражувањето.

**9. <u>Прилози</u>.** Во овој дел се дадени дополнувања кои се во контекст и во прилог на реализираното истражување, како и анкетниот прашалник.

**5. Оценка на докторската дисертација**

Врз основа на детална анализа и проучување на докторската дисертација од кандидатот м-р Зоран Бардакоски под наслов **„Испитување на индикаторите на ризик од аспект на безбедност на храната во домаќинствата во Република Македонија“**, комисијата определена за оценка на дисертацијата, заклучува дека истата е успешно завршена. Имено, станува збор за научно-истражувачки труд со изворни и оригинални сознанија, а со својата содржина, обем и постигнато ниво на квалитет ги задоволува и исполнува критериумите потребни за една докторска дисертација.

Главните придобивки на ова истражување може да се сумираат во следните точки:

1. Со оглед на тоа што небезбедните практики за хигиена на храната се поврзани со недостаток на знаење, овој докторски труд ја потенцира потребата да се стави поголем акцент на зголемувањето на свеста за безбедноста на храната кај потрошувачите.
2. Бидејќи најдобар начин да се практикува безбедност на храната и да се елиминираат ризиците поврзани со неа е добрата информираност на потрошувачите, овој труд констатира дека е потребно да се интензивира информирањето, најнапред преку јавните средства за информирање.
3. Овој докторски труд ја иницира потребата да се обезбеди соодветна програма за изучување во училиштата на науката за храна или основите за хигиената на храната, како и ризиците кои произлегуваат од небезбедни практики.
4. Истражувањето и резултатите од овој докторски труд индицираат започнување со едукација и обезбедување на правила и постапки за насочување на потрошувачите, кои се подеднакво одговорни како професионалците во прехранбена индустрија, во обезбедување на безбедност на храната во домот.
5. Воспоставениот систем за управување со безбедноста на храната (на пример, HACCP, добра хигиенска пракса, добра производна пракса итн.) обезбедува безбедност на храната низ целиот синџир на исхрана „од нива да трпеза", но согласно резултатите од овој труд се наметнува потребата од адаптација на дополнителни мерки со цел да се гарантира точна хигиена и безбедност на храната во домаќинствата.
6. Согласно истражувањето и резултатите од овој труд, се дефинира потребата да се изврши идентификација на специфични целни групи за идните интервенции, проширување на базата на докази и да се развијат индикатори за проценка на напредокот во исполнувањето на стратешките планови и цели на институциите надлежни за безбедност на храната.
7. Резултатите од истражувањето на квалитетен начин, базиран на методологија на научно-истражувачка работа, ќе дадат придонес и ќе бидат достапни на научната и стручната јавност со што би се овозможила нивна примена во практика.

**6. Заклучок и предлог**

Врз основа на претходно изнесените факти и констатации, Комисијата за оценка на докторската дисертација со наслов: **„Испитување на индикаторите на ризик од аспект на безбедност на храната во домаќинствата во Република Македонија“**, од кандидатот м-р Зоран Бардакоски,

## З А К Л У Ч У В А

1. Докторската дисертација на кандидатот м-р Зоран Бардакоски претставува самостоен и оригинален научно-истражувачки труд, кој дава значителен придонес во областа на анализираната проблематика;
2. Докторантот вешто владее со методологијата на научно-истражувачката работа, што се огледува со примената на различни методи и постапки во истражувањето, како и со формулирањето, презентацијата и интерпретацијата на резултатите кои автентично се дискутираат во соодветните поглавја;
3. Извршена е опсежна истражувачка дејност, а изворно добиените резултати се исклучително важни од научно-истражувачки, теоретски и апликативен аспект, што е потврдено со публикување на рецензирани трудови во меѓународни научни списанија од соодветната област;
4. Кандидатот, во текот на изработката на дисертацијата, реализирал мноштво комплементарни активности, кои недвосмислено ја потенцираат неговата способност, креативност, како и сеопфатно познавање на предметот на истражување и владеење со презентираната проблематика;
5. Според својата организација, содржината, методологијата и техниката на изработка, како и според големиот број на презентирани резултати од истражувањето, докторската дисертација несомнено укажува на фактот дека докторантот располага со потребните знаења од областа на науката за технологија и безбедност на храната, при што кандидатот дава и препораки за обезбедување на безбедност на храната во домаќинствата;
6. Со изработената докторска дисертација, кандидатот м-р Зоран Бардакоски комплетно одговорил на поставените цели и задачи, зацртани при дефинирањето на истата;
7. Согласно законската регулатива во Република Северна Македонија, трудот е внесен во базата на податоци на Министерството за образование и наука, plagijati.mon.gov.mk и врз основа на добиениот извештај, а и врз основа на нашите сознанија, трудот не претставува плагијат;
8. Согласно со наводите од Извештајот, докторантот ги исполнува сите законски услови за пристапување кон одбрана на докторската дисертација, во постапка за стекнување на докторат на науки.

Имајќи го предвид Извештајот во целост, Комисијата за оценка на докторската дисертација од м-р Зоран Бардакоски, со особена чест и задоволство на Научно-наставничкиот совет на Факултетот за биотехнички науки – Битола, му

## П Р Е Д Л А Г А

1. Да го прифати Извештајот за оценка на докторската дисертација со наслов **„Испитување на индикаторите на ризик од аспект на безбедност на храната во домаќинствата во Република Македонија“**, од кандидатот м-р Зоран Бардакоски;

2. Да се продолжи постапката за стекнување на титулата доктор на науки;

3. Да се формира Комисија за одбрана на докторската дисертација;

4. Да се одреди времето и местото на јавната одбрана на докторската дисертација.

Комисија за оценка на докторската дисертација:

1.Проф. д-р Трајан Дојчиновски, с.р.

2.Проф. д-р Љупче Кочоски, с.р.

3.Проф. д-р Методија Трајчев, с.р.

4.Проф. д-р Николче Јанкуловски, с.р.

5.Проф. д-р Гордана Димитровска, с.р.

Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола,
ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ - БИТОЛА
University "St. Kliment Ohridski" – Bitola
FACULTY OF BIOTECHNICAL SCIENCES - BITOLA

Partizanska bb, P.O. Box 53, Bitola, 7000, R. North Macedonia, Tel: +389 (0)47 238 276, Fax: +389 (0)47 226 220, web: www.fbn.uklo.edu.mk

Бр.02-522/3
29.05.2019 год.
Битола

Врз основа на член 110, став 1, точка 21 од Законот за високото образование и член 58, 59 и 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, по предлог на Наставничкиот совет за втор циклус студии, Наставно-научниот совет на Факултетот за биотехнички науки-Битола, на седницата одржана на ден 29.05.2019 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Извештајот од Комисијата за подобност на темата за изработка на магистерскиот труд под наслов: **„Влијание на температурата врз хемискиот состав во млекото"** и кандидатот **Моника Карабелеска**.

2. Се прифаќа насловот на темата: **„Влијание на температурата врз хемискиот состав во млекото "**.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Декан**

**Проф. д-р Љупче Кочоски**

Доставено до:УКЛО,
досие и архива

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ**
на **Факултетот за Туризам и Угостителство во Охрид**

Со Одлука бр. 02-325/3.1-2 од 28.05.2019 год. на Деканот на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид сме определени за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник од областите Математика, Математика-друго и Теорија на Веројатност на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Согласно оваа одлука и поднесената документација, на Наставно-научниот совет му го поднесуваме следниот

**ИЗВЕШТАЈ**

На распишаниот конкурс за избор на наставник од областите Математика (10900), Математика-друго (10914) и Теорија на Веројатност (10909), објавен во весникот „Нова Македонија“ и ,,Коха” од 10.05.2019 година, се пријавил кандидатот Вонреден професор д-р Васко Речковски.

**I. Биографски податоци за д-р Васко Речковски**

Кандидатот д-р Васко Речковски е роден на 13 Јуни 1973 во Велгошти, Општина Охрид, Р. Македонија. Основно образование завршил во О.У. “Коле Неделкоски” во Велгошти со одличен успех. Средно образование завршил во ЕМУЦ Охрид, исто така со одличен успех.

По завршување на средното образование се запишал на Природно математичкиот факултет во Скопје на Институтот за математика. Дипломирал во јануари 1996 година на тема „Теорема за имплицитни функции“ и со тоа се стекнал со академски степен дипломиран професор по математика.

Постдипломски студии запишал на Природно-математичкиот факултет во Скопје на Институтот за математика во 1996 година. Магистерскиот труд на тема „Строго конвексни, нормирани и n-нормирани простори“ успешно го одбранил 16.01.2002 година, со што се стекнал со академски степен магистер по математички науки.

Во ноември 2008 година пријавил докторска дисертација на Природно математичкиот факултет при Универзитетот во Нови Сад. Докторската дисертација на тема: „Аналитичке репрезентације неких класа дистрибуција и ултрадистрибуција са применама у теорији аналитичких функција“ ја одбранил на 06.10.2009 година, со што се стекнал со академски степен доктор по математички науки.

Од 1996 до 1998 работел како професор по математика во средното училиште „Св. Наум Охридски“ во Охрид.

Од 1998 до денес е вработен на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид.
Од 2010 до 2014 година работи како Доцент на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид по предметите “Стопанска математика” и “Анализа на ризик во осигурувањето” на додипломски студии и “Квантитативни методи” на постдипломски студии.
Од 2015 до 2019 година работи како Вонреден професор на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид по предметите “Стопанска математика” и “Анализа на ризик во осигурувањето” на додипломски студии и “Квантитативни методи” на постдипломски студии.

- Наставно истражувачка дејност

**II. Список на објавени трудови и книги од д-р Васко Речковски**

Кандидатот д-р Васко Речкоски, во периодот од 2015 до 2019 има објавено и презентирано неколку научни и стручни трудови во списанија и на меѓународни конференции:

**Список на објавени трудови**

1. Vasko Reckovski and Nikola Reckoski ‘’ Some addition to Parseval’s relation and to other problems’’ GFTA – Ohrid 2015
2. Nikola Reckoski, Vasko Reckovski and Vesna Manova-Erakovic ‘’Some notes on the periodic distributions’’ MAASE Atina, 2015
3. Vasko Reckovski, Egzona Iseini and Vaesna Manova Erakovic ‘’Convergence of sequences of functions in and through their analytic representations " International Journal of Mathematics Trends and Technology (IJMTT), March 2017, ISSN: 2231-5373.
4. VESNA MANOVA-ERAKOVIC, VASKO RECKOVSKI BOUNDARY VALUES OF ANALYTIC REPRESENTATIONS OF A SEQUENCE OF DISTRIBUTIONS FILOMAT 2015
5. Vasko Reckovski, Vesna Manova Erkovikj and Egzona Iseni ‘’Some results concerning the analytic representation of convolution’’ Математички Билтен 42 (LXVIII) No.1 2018 (37-44) Скопје Македонија
6. Vesna Manova Erkovikj, Stevan Pilipovic and Vasko Reckovski ‘’ Analytic representation of sequences in $L^p$ ‘’ for $1 \leq p < \infty$ 2016 FILOMAT
7. Vasko Reckovski, Vesna Manova Erkovikj, Bedrije Bedjeti, Egzona Iseni ‘’For some boundary value problems in distributions’’ Journal of Advances in Mathematics 2019
8. VASKO RECKOVSKI, VESNA MANOVA ERAKOVIK and NIKOLA RECKOSKI ‘’CONVERGENCE OF SOME SPECIAL HARMONIC FUNCTIONS’’ SMM-Skopje 2015
9. Н.Речкоски, В. Речковски Веројатност и Анализа на ризик, Центар за Научно истражувачка работа при ФТУ-Охрид 2017.
10. В. Речковски Основи на Статистичките методи-скрипта, Центар за Научно истражувачка работа при ФТУ-Охрид 2017.

**Наствно-образовна дејност**
Кандидатот д-р Васко Речковски е ангажиран на наставата на два циклуси на студии на Факултетот за туризам и угостителство-Охрид.
Тековно на првиот циклус на студии ги предава предметите: Стопанска математика, Статистички матоди и Анализа на ризик во осигурувањето.
Наставникот Васко Речковски е активен во комисиите за оценка и одбрана на магистерски студии.
Во изминатите пет години бил член во неколку комисии за оценка и одбрана на магистерски трудови.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**
Д-р Васко Речковски во изминатиот период бил активен и во стручно апликативната дејност. Како предавач бил ангажиран во Агенцијата за осигурување за обука на Актуари.

## III. Мислење и предлог за кандидатот д-р Васко Речковски

Од насловите и од содржината на трудовите на кандидатот д-р Васко Речковски е јасна актуелноста на науката и примената на тематските подрачја со кои се занимава. Теоријата на дистрибуциите има широка примена во диференцијалните равенки физиката, електротехниката и во други научни области. Кандидатот посветил внимание на примената на аналититчката репрезентација на дистрибуциите во хармониска анализа и во теорија на веројатност. Ваквиот пристап на кандидатот претставува гаранција за плодна, ефикасна и успешна работа во иднина.

Од изборот за соработник на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, се до денес, кандидатот д-р Васко Речковски бележи континуиран подем на неговото стручно и научно усовршување. Напоредно со научните истражувања, кандидатот посветува големо внимание и на работата на полето на наставната дејност. Негова преокупација на Факултетот за туризам и угостителство се подрачјата на Математиката и Теоријата на веројатност, а особено нивната примена во областа на туризмот и осигурувањето.

Имајќи го сето ова во предвид, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид, да го избере кандидатот **д-р Васко Речковски за наставник во звање Редовен професор** од научните области Математика, Математика-друго и Теорија на веројатност.

**Рецензентска комисија**

**1. Проф. Д-р Весна Манова-Ераковиќ,**
**с.р.**

**2. Проф. Д-р Љупчо Настовски,**
**с.р.**

**3. Проф. Д-р Виолета Манеска,**
**с.р.**

**Анекс - Извештај од Советот за докторски студии за оценка на докторска дисертација**

До
Наставничкиот совет на
ТРЕТ ЦИКЛУС
СТУДИИ на
Факултет за туризам и угостителство-
Охрид
Преку
Служба за студентски прашања

Советот за докторски студии на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид при Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, на седницата одржана на ден 30.01.2019, со одлука бр. 02-43/3-3.1, формира Комисија за оценка на докторска дисертација од кандидатот **Михаел Ристески** под наслов **ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА КАКО ОСНОВА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ТУРИСТИЧКИОТ ПРОСТОР** во состав:

1. Д-р Сашо Коруновски – редовен професор
2. Д-р Науме Мариноски – редовен професор
3. Д-р Никола Димитров – редовен професор
4. Д-р Иванка Нестороска – редовен професор
5. Д-р Катерина Ангелевска - Најдеска - вонреден професор

Комисијата, во наведениот состав, ја прегледа и ја оцени подготвената докторска дисертација и во согласност со законската легислатива, како и легислативата на Универзитетот и Факултетот што ја регулира оваа материја, како и согласно членовите 49 и 50 од Правилникот за условите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии и стекнување на научен степен доктор на науки, до Советот за докторски студии на Факултетот за туризам и угостителство, го поднесува следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Кратка биографија за кандидатот

- *датум на раѓање*
    - 19.07.1984 во Прилеп, Република Македонија

- *податоци за процесот на образованието:*

- 2003 – 2007 г. - Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола (Насока Туризам и угостителство), *Дипломиран менаџер на туризам и угостителство*

- 2008 – 2013 г. - Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола (Магистерски студии – насока Туризам), *Магистер по туризам*

- од 2013 година запишан на трет циклус на студии - Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола (Докторски студии – насока Туризам)

- *податоци за практично или работно искуство:*
  - Од 2004 - 2008 година – сезонски работник во угостителство во Sani Beach Hotel, Sani Marina, Sani Beach Club – Sani Resort, 630 77 Касандра, Халкидики, Грција
  - Од 2008 - 2013 година – Демонстратор на Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
  - Од 2011 година - Лиценциран туристички водич (Германски / Англиски) за територијата на Република Македонија
  - Од 2013 година – Соработник / Асистент на Факултет за туризам и угостителство – Охрид, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола

- *познавање странски јазик(ци):*
  - Германски (мајчин јазик)
  - Англиски (Одлично)

- *податоци за објавени трудови:*

1. Naumov K., Risteski M. (2010) **Organization and distribution of Skopje's tourism product** – *20th Biennial International Congress - Tourism and Hospitality Industry 2010: New Trend in Tourism and Hospitality Management,* Opatija, Croatia. Published in Congress Proceedings, ISBN 978-953-6198-79-5, 978-953-6198-78-8, pp. 1537-1547, 2010;
2. Risteski M., Naumov K. (2010) **Organizing of the tourist propaganda in a role of tourist destination development at times of economic challenges** – *20th Biennial International Congress - Tourism and Hospitality Industry 2010: New Trend in Tourism and Hospitality Management,* Opatija, Croatia. Published in Congress Proceedings, ISBN 978-953-6198-79-5, 978-953-6198-78-8, pp. 1178-1186, 2010;
3. Kocevski J., Risteski M. (2010) **Creating gastronomic tourist product** – *International Scientific Conference – Development of Alternatives for Contemporary Tourism, Science and Economics*, Varna, Bulgaria. Published in Conference Proceedings, ISBN 978-954-21-0463-6;
4. Risteski M., Dimoska T. (2010) **Future types of tourism – Space tourism** – *International Scientific Conference – Development of Alternatives for Contemporary Tourism, Science and Economics*, Varna, Bulgaria. Published in Conference Proceedings, ISBN 978-954-21-0463-6;
5. Kocevski J., Risteski M. (2011) **Eating out on vacations** -*XI International conference- Service sector in terms of changing environment*, Ohrid, Republic of Macedonia. . Published in International Scientific Journal PROCEDIA – Social and Behavioral Sciences, ISSN: 1877-0428 Vol. 44, pp. 398-405, 2012;
6. Risteski M., Kocevski J., Arnaudov K. (2011) **Spatial planning and sustainable tourism as a basis for developing competitive tourist destinations** - *XI International conference - Service sector in terms of changing environment*,

Ohrid, Republic of Macedonia. Published in International Scientific Journal PROCEDIA – Social and Behavioral Sciences, ISSN: 1877-0428 Vol. 44, pp. 375-386, 2012;

7. Marinoski N., Risteski M. (2011) **Transport communication in the function of tourism development in the South – west Planning Region of the Republic of Macedonia** – *The Eight Jubilee International Conference "Logistics in Changing World" (Theory, Practice, Training* ), Sofia, Bulgaria. Published in International Conference Proceedings "Logistics, Present and Future", by IBIS, ISBN 978-954-9321-88-3, pp. 281-294;
8. Marinoski N., Korunovski S., Risteski M. (2012) **Events in the Republic of Macedonia as a cultural content for cooperation between the Balkan nations** - C*ULTURAL ROAD VIA PONTICA – Cultural tourism without boundaries,* Sea Resort Duni, Bulgaria and Istanbul, Turkey. Published in International Conference Proceedings, ISBN 978-954-300-119-4, pp. 196-199;
9. Risteski M., Kocevski J. (2013) **Geotourism as a contemporary and sustainable type of tourism** – *XII International scientific conference on service sector*, Ohrid, Republic of Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857- 856X, Vol. 13, pp. 271-281, May 2014;
10. Kocevski J., Risteski M. (2013) **Improving the trust in the services of the tourist agencies of the Republic of Macedonia by the Macedonian tourists -** *XII International scientific conference on service sector*, Ohrid, Republic of Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857- 856X, Vol. 13, pp. 79-87, May 2014;
11. Korunovski S., Marinoski N., Risteski M. (2013) **Plan for local inclusive development in tourism: Case study of the Municipality of Konce, Republic of Macedonia** - *XII International scientific conference on service sector*, Ohrid, Republic of Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857- 856X, Vol. 13, pp. 69-77, May 2014;
12. Risteski M., Kocevski J. (2015) **Developing Sustainable Tourism in the National Park Galicica** *–International Conference "Sustainable Mountain Regions: Make them work"*, Rila Mountain Resort Borovets, Bulgaria. Published in International Scientific Conference Proceedings, ISBN 978-954-411-220-2, pp.209-216, May 2015;
13. Korunovski S., Risteski M. (2016) **Culture and Food** – *XVI International Conference of Partner Institutions "Planning for Change",* La Fondation pour la Formation Hoteliere, Nestle Pro Gastronomia – Vevey, Switzerland, University "St. Kliment Ohridski" - Bitola, held in Ohrid, Republic of Macedonia;
14. Nestoroska, I., Marinoski, N., Risteski M. (2016) **Application of FAS - Methodology for Identification of Rural Tourism Development Potentials in Mountainous Area of Northeast Planning Region in the Republic of Macedonia** - *XIII International Scientific Conference on Service Sector - INSCOSES 2016*, Ohrid, Republic of Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857-9884, Vol. 20, pp. 203-217, December 2016;
15. Risteski M., Risteski N. (2016) **Determining Quality of Tourism Events** *–The Sixth International Biennial Congress "HOTELPLAN 2016" - HOSPITALITY AND TOURISM - INTERDISCIPLINARY APPROACH*, Belgrade, Serbia. Published in Journal for Theory and Practice of Hotel Industry "Hotel Link" 27-28 ISSN 1451-5113, pp. 1-9, November 2016;
16. Rakicevik G., Risteski M. (2017) **Analysis of event tourism related to traditions in the Republic of Macedonia** - *Twelfth International Scientific Conference "Knowledge without borders",* Vrnjacka Banja, Serbia. Published in

Knowledge – International Journal ISSN 1857-923X, Vol. 16.4, pp. 1797-1811, Global Impact and Quality Factor – GIF 1,322 (2016), April 2017;

17. Risteski M., Rakicevik G., Miladinoski S. (2017) **Analysis of tourism trends in the Republic of Macedonia for implementing event tourism** - *Twelfth International Scientific Conference "Knowledge without borders",* Vrnjacka Banja, Serbia. Published in Knowledge – International Journal ISSN 1857-923X, Vol. 16.4, pp. 1777-1797, Global Impact and Quality Factor – GIF 1,322 (2016), April 2017;
18. Marinoski N., Korunovski S., Risteski M. (2017) **Possibilities for sustainable development of wine tourism in Demir Kapija and Florina** - *First International Scientific Conference: Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century - ISCTBL 2017*, Gevgelija, Republic of Macedonia. Published in Conference Proceedings, ISBN 978-608-244-465-9, pp. 58-67, December 2017;
19. Risteski M., Rakicevik G. (2018) **Analysis of the support services in the South-west Planning Region for the development of rural tourism** – *Sixteenth International Scientific Conference "Knowledge without borders",* Vrnjacka Banja, Serbia. Published in Knowledge – International Journal ISSN 2545-4439 and ISSN 1857-923X, Vol. 22.2, pp. 573-578, Global Impact and Quality Factor – GIF 1,322 (2016), March 2018;
20. Sekulovska M., Marinoski N., Nestoroska I., Risteski M. (2018) **Macedonia** in *Hospitality and Tourism in Transition in Central and Eastern Europe: A Comparative Analysis* – Vodenska M. (Ed.) ISBN (10): 1-5275-1120-0 ISBN (13): 978-1-5275-1120-0, 1st Edition, pp. 261-295, Cambridge Scholars Publishing, UK, August 2018;
21. Risteski M., Kocevski J. (2018) **Applying the Fas-Methodology for Identifying and Analysing Natural Factors in the South-West Planning Region for Rural Tourism Development**, *XIV International Scientific Conference on Service Sector - INSCOSES 2018*, Ohrid, Republic of Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857-9884, Vol. 23, pp. 577-589, December 2018;
22. Kocevski J., Risteski M. (2018) **The Complex Role of Food in Tourism**, *XIV International Scientific Conference on Service Sector - INSCOSES 2018*, Ohrid, Republic of Macedonia. Published in HORIZONS – International Scientific Journal, ISSN 1857-9884, Vol. 23, pp. 305-312, December 2018.

Одделните глави и подглави на докторската дисертација се:

**АПСТРАКТ**
**ABSTRACT**

**ВОВЕД**

**I ТЕОРЕТСКО – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО**
**1. ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**2. МЕТОДОЛОШКА РАМКА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

2.1 ИСТРАЖУВАЧКИ ХИПОТЕЗИ

2.2 МЕТОДИ И ТЕХНИКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

**3. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

**4. ОСНОВНИ ТЕОРЕТСКИ И ОПЕРАТИВНИ ПРЕТПОСТАВКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**II УЛОГАТА НА ВАЛОРИЗАЦИЈАТА ВО МЕНАЏИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

**1. ПОИМНО - СОДРЖИНСКО ДЕФИНИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРОСТОР КАКО ДЕСТИНАЦИЈА**

1.1 ТУРИСТИЧКИОТ ПРОСТОР КАКО ДЕСТИНАЦИЈА

1.2 ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА ТУРИСТИЧКАТА ДЕСТИНАЦИЈА

**2. КОНЦЕПТОТ НА ДЕСТИНАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО СОВРЕМЕНОТО УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ**

2.1 ПОИМ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕСТИНАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

2.2 КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДЕСТИНАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

2.3 ПРЕДНОСТИ НА ДЕСТИНАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

2.4 ПЛАНИРАЊЕ НА ДЕСТИНАЦИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ

**3. МЕНАЏИРАЊЕТО И КОНЦЕПТОТ НА ЖИВОТЕН ЦИКЛУС НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ**

3.1 ПОИМ ЗА ЖИВОТЕН ЦИКЛУС НА ДЕСТИНАЦИИТЕ

3.2 ПРИСТАПИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЖИВОТНИОТ ЦИКЛУС НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**III ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ ВО ФУНКЦИЈА НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**

**1. ПОИМ ЗА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА РАЗВОЈНА РАМКА**

1.1 ГЕНЕРАЛНИ СЕКТОРСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ

1.2 ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ

1.3 ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ШИРОКОБАЗИРАН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ПРЕКУ ТУРИЗМОТ

1.4 ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ КАКО ОСНОВА ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

1.5 ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КЛУЧНИ НАСОКИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**2. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТЕНИ СРЕДИНИ**

2.1 ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИ СРЕДИНИ

2.2. ВАЛОРИЗАЦИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗОНИРАЊЕ НА ЗАШТИТЕНИТЕ ПРОСТОРИ

**3. УПРАВУВАЧКИ СТРАТЕГИИ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ**

3.1 СТРАТЕГИИ БАЗИРАНИ ВРЗ ДОБРОВОЛНИ АКТИВНОСТИ

3.2 РЕГУЛАТОРНИ СТРАТЕГИИ

**IV ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ КАКО ОСНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

**1. ПОИМНО – СОДРЖИНСКА ДИСТИНКЦИЈА И ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ РЕСУРСИ И ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ**

**2. СИСТЕМИ НА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ РЕСУРСИ**

2.1 ЕКОНОМСКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ РЕСУРСИ

2.2 СОЦИЈАЛНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ РЕСУРСИ

2.3 КУЛТУРНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ РЕСУРСИ

2.4 АПЛИКАТИВНИ МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАПИ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА

2.4.1 ЕВРОПСКИ СИСТЕМ НА ТУРИСТИЧКИ ИНДИКАТОРИ ЗА ОДРЖЛИВИ ДЕСТИНАЦИИ (ETIS – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА)

2.4.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИМПАКТИТЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО (HIA – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА)

2.4.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ФАКТОРИ, АТРАКТОРИ И УСЛУГИ НА ПОДДРШКА (FAS – МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА)

**3. УЛОГАТА НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ ВО ОПЕРИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

3.1 ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ И ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

3.2 ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА И АТРАКЦИИТЕ

3.3 АТРАКЦИИТЕ КАКО СПЕЦИФИЧЕН ВИД НА ТУРИСТИЧКА ПОНУДА

3.4 РАЗВОЈ НА АТРАКЦИИТЕ

3.4.1 ТЕМПОРАЛНА ВАРИЈАЦИЈА КАЈ ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

3.4.2 МЕНАЏМЕНТ ПРИСТАПИ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ТЕМПОРАЛНАТА ВАРИЈАЦИЈА ВО ОПЕРИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

**4. ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА КАКО ОПЕРАТИВЕН ПРИСТАП ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА АТРАКЦИИТЕ**

4.1 ЗНАЧЕЊЕ НА ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОНУДАТА

4.2 ПРИНЦИПИ НА ЕФЕКТИВНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА

4.3 ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА КАКО НАЧИН ЗА КРЕИРАЊЕ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ НА АТРАКЦИИТЕ

**5. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ**

5.1 КОНЦЕПТИ НА КВАЛИТЕТ ВО ТУРИЗМОТ

5.2 КВАЛИТЕТОТ КАКО ПРОЦЕС

5.3 МОДЕЛИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ

5.4 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

5.4.1 АВТЕНТИЧНОСТ

5.4.2 КОНЗЕРВАЦИЈА И ЗАШТИТА НА АТРАКЦИИТЕ

5.4.3 ПРАШАЊА ПОВРЗАНИ СО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

5.4.4 КРИТИЧНИ ФАКТОРИ ЗА УСПЕШНОСТ НА ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

**6. УПРАВУВАЊЕТО СО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НИВНАТА ВРЕДНОСТ**

6.1 УЛОГАТА НА МЕНАЏЕРИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

6.2 МЕНАЏИРАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

6.3 АЛАТКИ ЗА ОДРЖЛИВО МЕНАЏИРАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

6.4 ТЕХНИКИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ СО ИМПАКТИТЕ НА ТУРИСТИТЕ

6.4.1 ТЕХНИКИ НА ПОНУДАТА

6.4.2 ТЕХНИКИ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПОБАРУВАЧКАТА

6.5 МЕНАЏМЕНТ АКТИВНОСТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПОСЕТИТЕЛИТЕ ВО ТУРИСТИЧКИТЕ АТРАКЦИИ

6.5.1 МОНИТОРИНГ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.1.1 БРОЕЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.1.2 КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ И АТРАКЦИИТЕ ОД СТРАНА НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.1.3 ПРАШАЛНИЦИ И ЛИЧНИ ИНТЕРВЈУА КАКО МЕТОДИ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОДАТОЦИ ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.2 КОНТРОЛИРАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.3 ОДВРАЌАЊЕ И ПРИНУДА

6.5.4 КОМУНИКАЦИЈА И ЕДУКАЦИЈА НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.5 ПЛАНИРАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.5.1 КАПАЦИТЕТ НА НОСИВОСТ КАКО КОНЦЕПТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

6.5.5.2 ГРАНИЦИ НА ПРИФАТЛИВИ ПРОМЕНИ КАКО КОНЦЕПТ НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПОСЕТИТЕЛИТЕ

**V ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПАЗАРНИТЕ СОСТОЈБИ И ПЕРФОРМАНСИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

**1. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОБАРУВАЧКА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

1.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПАЗАРНИТЕ ТРЕНДОВИ

1.2 СЕГМЕНТАЦИЈА НА ПАЗАРОТ КАКО ВИД НА ВАЛОРИЗАЦИЈА

**2. ВАЛОРИЗАЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ ПЕРФОРМАНСИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

2.1 ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

2.2 ДЕТЕРМИНИРАЊЕ НА УНИКАТНИ ПРОДАЖНИ ПРОПОЗИЦИИ

**3. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА НАСТАПОТ НА ПАЗАРОТ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ**

3.1 ПОЗИЦИОНИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ

3.2 ПРОМОЦИЈА И БРЕНДИРАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ

3.3 ИМИЏ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПРОСТОРИ

**VI ВАЛОРИЗАЦИЈАТА ВО ФУНКЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ ПЕРСПЕКТИВИ НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

**1. ПРОСТОРНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

1.1. КОНТАКТНОСТ

1.2. ТРАНЗИТНОСТ

1.3. ПОЛИВАЛЕНТНОСТ

**2. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР КАКО ДЕСТИНАЦИЈА**

2.1 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА НА МЕНАЏИРАЊЕТО СО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

2.1.1 НАЦИОНАЛНО НИВО НА УПРАВУВАЊЕ

2.1.2 РЕГИОНАЛНО НИВО НА УПРАВУВАЊЕ

2.1.3 ЛОКАЛНО НИВО НА УПРАВУВАЊЕ

2.2 ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА НА ТУРИСТИЧКО – УГОСТИТЕЛСКАТА ДЕЈНОСТ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

**3. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОДРЖЛИВИОТ ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

3.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА КАКО ТУРИСТИЧКА ВРЕДНОСТ НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

3.2 ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА КЛУЧНИ НАСОКИ И СТРАТЕГИИ НА УПРАВУВАЊЕ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

3.2.1 ИСКЛУЧИТЕЛНА УНИВЕРЗАЛНА ВРЕДНОСТ (OUTSTANDING UNIVERSAL VALUE) НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР КАКО ОДРЖЛИВА КАТЕГОРИЈА

3.2.1.1 ИНТЕГРИТЕТ

3.2.1.2 АВТЕНТИЧНОСТ

3.2.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ИМПАКТИТЕ ВРЗ КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО ВО НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „ГАЛИЧИЦА“ КАКО ОДРЖЛИВА КАТЕГОРИЈА – HERITAGE IMPACT ASSESSMENT – HIA

3.2.3 ЕВРОПСКИОТ СИСТЕМ НА ТУРИСТИЧКИ ИНДИКАТОРИ ЗА ОДРЖЛИВИ ДЕСТИНАЦИИ (ETIS) КАКО СТРАТЕШКИ ПРИСТАП ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

**4. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РЕСУРСКАТА ОСНОВА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

4.1 СИСТЕМСКА И СТРУКТУРНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

4.1.1 ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА ПРИРОДНИТЕ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ

4.1.2 КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНИТЕ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ

4.1.2.1 КВАНТИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

4.1.2.2 КВАЛИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

4.2. СИСТЕМСКА И СТРУКТУРНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ РЕСУРСИ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

4.2.1 ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ

4.2.2 КВАЛИТАТИВНА И КВАНТИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ ТУРИСТИЧКИ РЕСУРСИ

4.2.2.1 КВАНТИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ РЕСУРСИ

4.4.2.2 КВАЛИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ РЕСУРСИ

4.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАТИВНОСТА И ДОСТАПНОСТА НА РЕСУРСИТЕ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

4.3.1 КВАНТИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИСКИТЕ ФАКТОРИ

4.3.2 КВАЛИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОМУНИКАЦИСКИТЕ ФАКТОРИ

**5. ПАЗАРНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

5.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОБАРУВАЧКА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

5.1.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЕМИТИВНИТЕ ПРОСТОРИ И СЕГМЕНТАЦИЈА НА ПОБАРУВАЧКАТА

5.1.2 СТРУКТУРНА И ДИНАМИЧНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРОМЕТ

5.1.2.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОСЕТЕНОСТ

5.1.2.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИОТ ПРЕСТОЈ

5.1.2.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА СЕЗОНАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОБАРУВАЧКАТА

5.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

**6. КОМПАРАТИВНА И КОМПЕТИТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

6.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПАЗАРНИТЕ ТРЕНДОВИ

6.1.1 ОПШТИ ПАЗАРНИ ТРЕНДОВИ

6.1.2 СПЕЦИФИЧНИ ПАЗАРНИ ТРЕНДОВИ

6.1.3 КВАЛИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПАЗАРНИТЕ ТРЕНДОВИ

6.2 КОМПАРАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

6.2.1 КОМПАРАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА ВО ПОТЕСНА СМИСЛА

6.2.2 КОМПАРАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА ВО ПОШИРОКА СМИСЛА

6.2.3 КВАЛИТАТИВНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**7. ЕКОНОМСКА И СОЦИО-КУЛТУРНА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ СОСТОЈБИ**

7.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ЕКОНОМСКИТЕ СОСТОЈБИ НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

7.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА СОЦИО-КУЛТУРНИТЕ СОСТОЈБИ НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

**8. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ МОЖНОСТИ НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР**

8.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ МОЖНОСТИ НА ПРОСТОРНАТА ПОЛОЖБА

SWOT-АНАЛИЗА НА ПРОСТОРНАТА ПОЛОЖБА НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

8.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНИТЕ МОЖНОСТИ НА УПРАВУВАЧКИТЕ СИСТЕМИ

SWOT-АНАЛИЗА НА УПРАВУВАЧКИТЕ СИСТЕМИ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

8.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ

SWOT-АНАЛИЗА НА ОДРЖЛИВИОТ ТУРИСТИЧКИ РАЗВОЈ НА ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

8.4 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РЕСУРСКАТА ОСНОВА

8.4.1 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

SWOT-АНАЛИЗА НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

8.4.2 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КУЛТУРНИТЕ РЕСУРСИ

SWOT-АНАЛИЗА НА КУЛТУРНИТЕ РЕСУРСИ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

8.4.3 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КОМУНИКАТИВНОСТА И ДОСТАПНОСТА НА РЕСУРСИТЕ

SWOT-АНАЛИЗА НА КОМУНИКАТИВНОСТА И ДОСТАПНОСТА НА РЕСУРСИТЕ ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

8.5 ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА

SWOT-АНАЛИЗА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОХРИДСКИОТ ТУРИСТИЧКИ ПРОСТОР

**VII ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ПРЕПОРАКИ**

**ЛИСТА НА ГРАФИЧКИ ПРИКАЗИ**
**ЛИСТА НА ТАБЕЛАРНИ ПРИКАЗИ**
**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**
**ИНТЕРНЕТ ИЗВОРИ**

## 3. Заклучок и оценка на трудот

Кандидатот Михаел Ристески се зафатил со проблематика од областа на туризмот која има не само национално, туку и меѓународно значење. Може да се констатира дека темата што кандидатот ја избрал за обработка во докторската дисертација е исклучително актуелна и релевантна, како за проширување на полето на научен интерес во областа на туризмот, така и за практичната примена во туристичките простори во насока на унапредувањето на туристичкиот сектор. Преку примената на поголем број на методи, методски принципи и техники за прибирање, подредување и обработка на податоци, кандидатот со цел добивање на актуелни и практично применливи резултати, извршил валоризација на туристичките аспекти, елементи и потенцијали на просторот. Централно место во докторската дисертација заземаат истражувачките активности. Во нив кандидатот успешно дефинирал и употребил современи пристапи за валоризација што е овозможено преку изведувањето на примарни и секундарни истражувања. Со оглед на фактот што туристичкиот сектор во Охридскиот туристички простор, а и во државата воопшто, не се карактеризира со поголеми искуства во доменот на туристичката валоризација, потребно е да се применат и меѓународни сознанија и најдобри практики кои кандидатот успешно ги инкорпорирал во рамките на докторскиот труд. Со тоа трудот се поставува како современ истражувачки концепт на емпириски пристап кој овозможува стекнување на сознанија за туристичката валоризација кои имаат нагласена апликативна функција. Процесот на истражување низ сите негови фази кандидатот ги изведе со помош на конципирана теоретско – методолошка рамка, која се состои како од кабинетски, така и од емпириски анализи. Тоа му овозможи на кандидатот да дојде до примарни и секундарни податоци и сознанија. Прибирањето, систематизацијата и обработката на податоците, како и презентацијата на добиените резултати, е остварено со примена на квантитативни и квалитативни истражувачки пристапи. Кабинетските истражувања во рамките на трудот се состојат од консултација на широка меѓународна научна и стручна литература. Емпириските истражувачки активности опфатија имплементирање на современи методолошки пристапи за валоризација на повеќе аспекти и димензии на туризмот. Научно – апликативната верификација на трудот се состои во практичната примена на сублимираните сознанија, светски искуства и најдобри практики за процесот на валоризација во дефиниран туристички простор. Студијата на случај во рамките на трудот се однесува на Охридскиот туристички простор, кој кандидатот го избра поради фактот што претставува туристичко најразвиеното подрачје во државата

и пошироко. Со тоа истражувачките резултати од истражувањата не се само во функција на интензивирање и унапредување на туристичкиот развој во разгледаниот простор, туку и во другите просторни целини во републиката и надвор од неа. Трудот треба да послужи како рамка за креативно користење на различните валоризациски пристапи во процесите на управување со туризмот во туристичките простори. Оправданоста на докторската дисертација произлегува токму од таквата креативна апликација на различните валоризациски пристапи на конкретниот туристички простор, но исто така се однесува и на заложбата за правилна употреба на добиените резултати и нивната интерпретација пред стручната и научната јавност од областа на туризмот. Реализацијата на истражувачките активности и добиените резултати овозможија кандидатот да структурира мерки и активности во различните домени на управувањето со туристичкиот простор кои се потребни да се преземат во насока на интензивирање не само на развојот на туризмот во Охридскиот туристички простор, туку и на севкупното социо-економско окружување. Целите што кандидатот ги поставил пред себе и нивното исполнување преку истражувачката работа имаат научна и практична оправданост. Со овој труд не само што се овозможува продлабочување на научната мисла од областа на туризмот, туку ќе доведе и до зголемување на директните социо-економски придобивки од туристичкиот развој. Резултатите и пристапите на овој труд претставуваат база за идни слични вакви истражувања и примена во други просторни целини.

Во ***првата глава*** на овој труд кандидатот го опфатил теоретско – методолошкиот пристап кој служеше како рамка за реализација на истражувањето. Во таа смисла, опфатени се основните компоненти на методолошкиот пристап: потребата од креирањето на трудот, целите кои треба да се постигнат во теоретска и практична смисла, конкретните задачи кои беа применети за да се постигнат наведените цели, користените методи, техники и пристапи употребени во кабинетските и теренските истражувачки активности, основните и помошните хипотези кои истражувањето треба да ги потврди. Очекуваните резултати и теоретските / оперативните претпоставки на истражувањето ја сочинуваат проекциската компонента на трудот.

***Втората глава*** на оваа докторска дисертација се однесува на улогата на валоризацијата во управувањето со туристичките простори. Поконкретно, опфатени се компонентите за детерминирање на фундаменталните категории на туристичките простори што се однесува на нивното поимно утврдување и дефинирање. Преку аналитичкиот пристап обработени се составните елементи на туристичкиот простор (дестинацијата). Актуелноста на овој дел од трудот се состои во презентирањето на современиот концепт на управување со туристичките простори. Всушност тоа претставува концептот на постоење на единствени организации за дестинациски менаџмент како носители на главните управувачки функции во туристичките простори. Дестинацискиот менаџмент ги содржи суштинските елементи на процесите на организирање и планирање, како и карактеристиките и предностите на управувањето со туристичките простори. Во оваа насока обработен е и концептот на животен циклус на туристичките простори со поединечни развојни фази. Од аспект на процесот на управување, опфатени се и пристапи за продолжување на фазите на животниот циклус во туристичките простори.

***Третата глава на трудот*** укажува на потребата за користење на концептот на одржливост во развојните процеси на туризмот. Имено, еден од највлијателните глобални појави кој пројавува ефекти во сите домени на современото живеење, претставува одржливоста. Од друга страна и самиот туристички феномен се карактеризира со глобални размери. Симбиозата на овие две сфери резултира со потребата за развивање на одржливиот туризам. Поради тоа и валоризацијата на самите туристички простори треба да се во функција на одржливиот развој. Во таа смисла во оваа глава обработени се основните категории и концепти на одржливиот развој преку неговото поимно – содржинско дефинирање и развојната рамка во која тој треба да се реализира. Напоредно со тоа се обработени и некои од најзначајните иницијативи и пристапи за управувачките структури со цел постигнување на соодветен одржлив развој.

Во ***четвртата глава*** кандидатот ја истакнува важноста на валоризацијата на туристичките атракции со кои туристичките простори располагаат во функција на управувањето. Така, не може да се замисли соодветно управување на туристичките простори без дефинирањето и анализирањето на туристичките атракции. Кандидатот прави јасна дистинкција помеѓу поимите туристички ресурси и туристички атракции. Имено, туристичките простори располагаат со голем број на ресурси кои можат бидат во служба на туризмот. За да бидат дел од туристичката понуда, ресурсите треба да се анализираат, односно валоризираат. Ваквата валоризација на ресурсите овозможува истите да се алоцираат и стават во туристичка функција. Откако ќе се изврши валоризација на туристичките ресурси тие преминуваат во туристички атракции поради нивното својство да ги привлечат туристите и посетителите во просторите каде тие се лоцирани. Поради тоа во овој дел од трудот кандидатот ги опфатил фундаменталните премиси кои ги дефинираат и определуваат туристичките атракции. Поконкретно, тоа е реализирано преку нивното поимно определување, дефинирањето на нивната улога, како и преку пристапите за постигнување на соодветен развој и интерпретација. Посебно интерпретацијата е разгледана како една од најзначајните техники за генерирање на дополнителна вредност на самите атракции. Во смисла на темата на трудот која се однесува на валоризацијата, анализирани се најприменетите методи за валоризирање на туристичките ресурси. Бројните методи за валоризација на ресурсите кандидатот ги систематизира според сферата на која тие се однесуваат (економската, социјалната и културната сфера). Како еден од најважните индикатори за вреднување на успешноста на дефинираните туристички атракции кандидатот го потенцира валоризирањето на нивниот квалитет. Во таа смисла се опфатени поголем број на димензии кои го сочинуваат квалитетот. Обработени се и техниките и активностите на управувањето со различните аспекти на атракциите што има за цел да се унапреди нивниот квалитет. Континуитетот на овој дел од трудот се состои од примената на концептот на одржлив туристички развој и одржливо управување со туристичките атракции.

***Петтата глава*** на докторскиот труд се однесува на валоризирањето на пазарните состојби и перформанси на туристичките простори со кои се определува нивото на нивната успешност. Туристичките простори оперираат во комплексно окружување што го сочинуваат бројни интерни и екстерни фактори. Во рамките на

екстерното окружување најголемо влијание врз туристичкиот развој пројавуваат пазарните состојби. Според тоа кандидатот во овој дел ги опфатил валоризациските процеси за квалитативно и квантитативно утврдување на состојбите и перформансите на пазарот. Подетално тоа ја опфаќа валоризацијата на туристичката побарувачка изразена преку определување на трендовите на пазарот и неговата сегментација. Валоризацијата на пазарот ја опфаќа и идентификацијата и вреднувањето на конкурентите кои се насочени кон привлекување на истите или сличните сегменти на потрошувачи. Кандидатот го истакнува значењето на детерминирањето на основните (самостојните) туристички ресурси со најголема потенцијална атрактивна моќ (уникатни продажни пропозиции), како и селекцијата на најдобрите маркетинг стратегии во насока на адекватно реагирање на конкурентните услови во кои туристичките простори оперираат. Со цел да може да се изврши систематско валоризирање на пазарот кандидатот ги опфатил неговите фундаментални компоненти: туристичката понуда и туристичката побарувачка. Првенствено туристичките простори се ориентираат кон определување на главните пазарни сегменти кои можат да ги привлечат и задоволат што е во согласност со расположливите можности и имплементираните пристапи на управување. Во такви сложени услови на оперирање на пазарот, кандидатот ја истакнува потребата од избор на адекватна маркетинг микс стратегија од страна на структурите за управување со туристичките простори.

Во рамките на ***шестата глава*** на докторската дисертација кандидатот ги опфатил развојните перспективи на Охридскиот туристички простор. Со проекцијата на развојот се потврдува научната оправданост на трудот. Имено, се работи за емпирискиот сегмент на докторскиот труд. Посебно е важно да се истакне дека емпириските истражувања што кандидатот ги презеде во овој дел опфатија употреба на современи методолошки пристапи. За детерминирање на развојните перспективи на Охридскиот туристички простор, најпрво се определени општите карактеристики и услови со кои разгледаното подрачје располага, во просторно – валоризациска смисла. Од овој аспект обработена е валоризацијата на туристичко – географската положба на конкретниот туристички простор. Условите и односите на овој простор со поблиското и подалечното окружување е надополнето со валоризацијата на системите за управување кои се користат. На овој начин кандидатот дава суштински увид во фундаменталната просторна и управувачка база на разгледаниот простор. Неизоставен дел на оваа глава претставува концептот на одржлив развој. Примената на одржливиот туристички развој во Охридскиот туристички простор подразбира валоризирање на социолошките, економските и еколошките услови и состојби. Еден од најважните сегменти на истражувачката компонента на трудот претставува валоризациската анализа на ресурската база со која Охридскиот туристички простор располага. Поконкретно, тоа претставува системска и структурна валоризација на диференцираните и категоризираните природни и културни ресурси. Валоризацијата кандидатот ја остварил во квантитативен и квалитативен облик. Во наредниот дел се преминува на приоритетизација на утврдените ресурси и можности. Тоа овозможи дефинирање на конкретните развојни насоки на туризмот. Тоа е надополнето со валоризација на постојните пазарни состојби преку сеопфатна квалитативна и квантитативна анализа на туристичката побарувачка и понуда на просторот. Освен

составните пазарни компоненти, валоризирани се и компетитивните пазарни состојби и услови во кои просторот моментално се наоѓа. Од подетален аспект тоа опфати валоризација на конкуренцијата и пазарните трендови при настапот на пазарот. Сите опфатени сегменти кои беа предмет на валоризација се надополнети со поединечни SWOT-анализи кои имаа за цел определување на предностите и недостатоците од интерен и екстерен карактер. Ваквите анализи служеа за креирање на прелози и решенија од страна на кандидатот во наредната глава на трудот.

***Седмата глава*** претставува завршниот дел во кои се презентирани заклучните согледувања и идни препораки кои произлегоа од севкупните кабинетски и теренски истражувачки активности преземени во докторскиот труд. Сите опфатени аспекти на Охридскиот туристички простор се валоризирани во смисла на структурирани препораки и преземања за остварување на успешен селективен туристички развој на разгледаниот простор. Ваквите препораки ќе можат да се применат и во други слични просторни целини.

Кандидатот користел соодветна литература и извори од 285 библиографски единици и 10 интернет извори кои овозможиле успешно научно фундирање на проблематиката која ја истражил.

Имајќи го предвид изнесеното, со задоволство на Наставно – научниот совет на Факултетот му предлагаме да го прифати овој Извештај и да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација, под наслов **„ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА КАКО ОСНОВА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ТУРИСТИЧКИОТ ПРОСТОР“** од кандидатот **Михаел Ристески,** студент на трет циклус студии.

Комисијата за одбрана го определува датумот за одбрана што треба да биде најдоцна во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на усвојувањето на Извештајот.

Охрид,

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА:**

1. Д-р Сашо Коруновски – редовен професор

2. Д-р Науме Мариноски – редовен професор

3. Д-р Никола Димитров – редовен професор

4. Д-р Иванка Несторoска – редовен професор

5. Д-р Катерина Ангелевска - Најдеска - вонреден професор

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр. 02-266/16
07.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година**, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Брачни спорови и бракоразводна постапка “ , од кандидатот Сахид Идризоски, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр. 02-266/17
07.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Трговски книги и јавни исправи на Трговските Друштва " , од кандидатот Стојан Велјановски, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

_______________________

Република Северна Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр. 02-266/18
09.05. 20 19 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година**, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Тестаментално наследување преку праксата на нотарските канцеларии на општина Струга “ , од кандидатот Монализа Анѓелкоска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр. 02-266/19
07.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Законско-правна регулатива за наследување со посебен осврт на наследувањето на правни лица “ , од кандидатот Ирена Пашоска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
Вон. Проф. д-р Горан Илиќ

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр. 02-266/20
07.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Квалитативна и квантитативна анализа на работењето на Основен суд Прилеп во период од 2008 до 2017 “ , од кандидатот Наталија Илиеска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр. 02-266/21
07.05 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Посвојување во Република Северна Македонија “ , од кандидатот Владимир Талевски, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр. 02-266/22
07.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Постапка за надомест на материјална штета во околности на одговорност врз основа на вина и нејзина примена,со посебен осврт на судската пракса во Основен суд Битола “ , од кандидатот Ангела Јовчевска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр 02-266/23
07.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **07.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Правно регулирање на основното образование во јавни и приватни институции во Република Северна Македонија со компаративен приод " , од кандидатот Наталија Балевска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**07.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св. Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево
Бр 02-312/14
29.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **29.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Права на осудените лица во Република Северна Македонија " , од кандидатот Александра Аневска, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

**2.** Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**3.** Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**29.05.2019 година**
**Кичево**

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

Република Северна Македонија
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Правен Факултет - Кичево

Бр. 02-312/15
29.05. 2019 година
КИЧЕВО

Врз основа на **член 58** од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Правниот факултет - Кичево, Наставно – научниот совет при Правен факултет – Кичево, на седницата одржана на ден **29.05.2019 година,** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање наслов на тема на магистерски труд на**
**Правен факултет - Кичево**

1. Се прифаќа насловот на магистерскиот труд: **„ Меѓународните организации и спречувањето на етничките конфликти " , од кандидатот Влатко Аврамовски, студент на втор циклус студии на Правен факултет – Кичево.**

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Примерок од Одлуката да се достави до: Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, кандидатот, студентското досие и архивата.

**29.05.2019 година**
Кичево

**Наставно – научен совет**
**Д Е К А Н**
**Вон. Проф. д-р Горан Илиќ**

__________________________

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ПРЕХРАНБЕНО ИНЖЕНЕРСТВО (41400), НУТРИЦИОНИЗАМ (41401) И ДРУГО (41403) НА ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ВЕЛЕС

Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет во Велес, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола, врз основа на распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања за наставно-научните области: Прехранбено инженерство (41400), Нутриционизам (41401) и Друго (41403), со Одлука бр.02-196/2 од 04.04.2019 година, донесена на седницата одржана на 21.03.2019 година, формира Рецензиона комисија за избор на наставник во состав: д-р Гордана Димитровска, вонреден професор (претседател), д-р Елена Јошевска, вонреден професор (член) и д-р Татјана Калевска, вонреден професор (член).

По разгледувањето на приложената документација Рецензентската комисија го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневните весници ***Нова Македонија*** **и** ***Коха*** од 06.03.2019 година за избор на наставник за наставно-научните области: Прехранбено инженерство (41400), Нутриционизам (41401) и Друго (41403) се пријави кандидатката д-р Даниела Николовска Неделкоска.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Даниела Николовска Неделкоска е родена на 09/12/1971 година во Тетово. Дипломирала на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1996 година, на тема „Определување на ферментабилни шеќери во сладовина и пиво со HPLC метода“, при што се здобила со звањето дипломиран инженер технолог во областа **прехранбено-биотехнолошко инженерство**. Во следните неколку години по дипломирањето се стекнала со практично инженерско искуство работејќи во неколку реномирани производни капацитети од прехранбениот сектор во земјава. Од почетокот на 2004 година целосно се посветила на последипломските студии на Технолошко-металуршкиот факултет во Скопје, каде воедно била ангажирана и како демонстратор на насоките *Прехранбена технологија* и *Биотехнологија*. Магистерскиот труд под наслов „Модификација на β-гликозидазите за синтеза на алкилгликозиди во монофазен органски систем“ го одбранила во 2008 година и се стекнала со звање магистер во областа **биотехнолошко инженерство**.

Во октомври 2008 година се вработила како асистент на Технолошко-техничкиот факултет во Велес при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола и била ангажирана во реализација на наставата на насоките *Прехранбена технологија и биотехнологија, Процесно инженерство во прехранбената индустрија* и *Нутриционизам*. Била реизбрана во звање асистент во наставно-научните области **Прехранбено инженерство** и **Нутриционизам** во ноември 2011 год.

Докторската дисертација на тема „Антиоксидативен потенцијал на селектирани видови габи од подрачјето на Република Македонија и можност за нивна терапевска примена“, пријавена на Институтот по биологија на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје ја одбранила во јули 2014 година. Во септември 2014 год. избрана е за наставник во наставно-научно звање доцент за наставно-научните области **Прехранбено инженерство (41400), Нутриционизам (41401) и Друго (41403)**.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а пасивно користи германски јазик.

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Доц. д-р Даниела Николовска Неделкоска, почнувајќи од академската 2004/2005 година, била ангажирана како демонстратор во практичната настава по повеќе предмети на насоките *Прехранбена технологија* и *Биотехнологија* на Технолошко-металуршкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Притоа таа ги водела практикумите (лабораториски и нумерички вежби) по наставните дисциплини: Биолошки основи на суровините, Здрава храна и исхрана, Основни процеси на биотехнологија и Изолација и пречистување на биопродукти.

Од академската 2008/2009 година е анажирана како асистент на група предмети во наставно-научните области **Прехранбено инженерство** и **Нутриционизам** на Технолошко-техничкиот факултет во Велес: Суровини во прехранбената индустрија, Процеси на подготовка на храна, Основни процеси во прехранбената индустрија, Конзервирање на прехранбени производи, Технологија на алкохолни ферментациони производи и Антиоксиданти, витамини и минерали.

По изборот во наставник во наставно-научно звање доцент, односно од академската 2014/2015 година, доц. д-р Николовска Неделкоска активно е вклучена во реализација на предметни целини на сите три циклуси на студии на матичниот факултет. Така, на **додипломските студии,** на насоките *Прехранбена технологија и биотехнологија* и *Нутриционизам* ги реализира предавањата и практикумите по предметите: Принципи на прехранбено инженерство и биотехнологија, Познавање на исхрана 2, Конзервирање на прехранбени производи, Суровини во прехранбената индустрија, Процеси на подготовка на храна и Технологија на ферментациони алкохолни производи.

На **вториот циклус студии** е вклучена во наставата на студиските програми *Нутриционизам* и *Управување со квалитет и безбедност на храна* како наставник на предметите: Методи за проценка на квалитет на исхраната, Процесирање на храна со задржан оптимален нутритивен квалитет, Квалитет и безбедност на храна (напредно ниво), Функционална храна, Биоактивни компоненти во храната и Одбрани поглавја од прехранбена технологија и биотехнологија. На **третиот циклус студии** доц. д-р Николовска Неделкоска дава придонес во реализацијата на студиската програма *Иновативни технологии за храна и нутриционизам,* како дел од наставниот тим на предметите: Достигнувања во науката за храна и нутриционизмот, Иновативни технологии и минимално процесирана храна, Нова и функционална храна, Оксиданси и антиоксиданси (природни и синтетски), Трендови во биотехнолошкото инженерство и Нанотехнологии и храна.

Во периодот по изборот во звање доцент, кандидатката има реализирано и две наставни мобилност на универзитети во странство и тоа:

- наставен престој на Прехранбено-биотехнолошкиот факултет при Универзитетот во Загреб, во рамките на Erasmus+ програмата, на наставниот предмет: Нова и функционална храна (мај/2017) и
- наставен престој на Универзитетот во Русе, факултет во Разград, во рамките на CEEPUS програмата, на тема: Диви видови на макрофунги - терапевтски карактеристики и можност за примена како додатоци во исхраната (март/2019).

Со оглед дека кандидатката е вработена на Технолошко-техничкиот факултет во Велес од неговото основање, таа активно учествувала во подготовка на наставните материјали и во креирање и воспоставување на практикумите по наставните предметите во кои била вклучена. Со акредитирањето на вториот и третиот циклус на студии таа била вклучена во избор и подготовката на наставни материјали за предметите на новите студиски програми во кои учествува.

Напоредно со наставните активности, кандидатката во континуитет работи и на воведување на студентите во научно-истражувачката работа, преку директна помош и насоки при изработката на нивните дипломски и магистерски трудови. Во изминатиот период ги има реализирано следниот број на **менторства и/или членства во Комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови**: ментор е на 14 дипломски трудови, а член во Комисија за одбрана на 31 дипломски труд и 3 магистерски трудови. Исто така, ментор е на 2 магистерски труда кои се во тек на изработката.

Кандидатката е оценета со **позитивна просечна оценка** 4,3 (од 5) при оценување на наставно-образовната дејност на последната самоевалуација од страна на Универзитетската Комисија за самоевалуација (академска 2015/2016). Позитивната оценка од евалуацијата се должи на: соодветна подготвеност за реализација на наставата, редовноста во изведбата на наставата, достапност за консултации и соработка со студентите, висока лична култура на наставникот,

транспарентност и објективност во работењето, посветеност и предизвикување интерес кај студентите, мотивирање и стимулирање на дополнителни активности за студентите, обезбедување соодветна основна и дополнителна литература и применување на современи технологии во реализацијата на наставата.

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Покрај наставно-образовната дејност доц. д-р Даниела Николовска Неделкоска остварува и континуирана научно-истражувачка активност во соработка со научно-истражувачки тимови од земјава и странство. Таа координира или е вклучена во повеќе меѓународни и национални проекти (прегледот на проекти е даден во поглавјето *Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес*). Врз основа на приложената документација, евидентно е дека кандидатката демонстрира висока посветост за следење на глобалните научно истражувачки трендови во областите од нејзин интерес. Како резултат на оваа определба таа остварува континуирана и плодна соработка со колеги од странство, кои претставуваат врвни светски експерти во тие области. Потврда за оваа соработка се реализираните меѓународни мобилности на странски универзитети, односно високообразовни установи по различни основи во последните пет години, меѓу кои би ги издвоиле:

07/02/2015 - 12/02/2015 Едукација во рамките на Школата за примена на пулсирачко електрично поле во процесирањето на храна (School on applications of pulsed electric fields-PEF for food processing), организирана од ProdAl Scarl и Универзитетот во Салерно, Италија

04/05/2015 - 23/05/2015 Истражувачки престој на ProdAl Scarl и Универзитетот во Салерно, Италија на тема: Примена на пулсирачко електрично поле при екстракција на биоактивни компоненти од нус-продукти при преработка на домати (PEF assisted extraction of bioactive compounds from tomato by-products)

09/04/2018 - 30/04/2018 Истражувачки престој на *Истражувачко-едукативниот центар за хумана нутриција и метаболизам* на Универзитетот во Грац (Karl-Franzens University), Австрија на тема: EUROCAROTEN датабаза и преглед (EUROCAROTEN database and review)

Во наведениот период кандидатката учествувала и на следните стручни работилници во странство:
- *Workshop on Sustainable Production of Carotenoids*, Трогир-Хрватска, 2017
- *Workshop on Carotenoids in Foods, Nutrition & Health*, Валенсија-Шпанија, 2018
- *Workshop on Development Action plan for the BAS project*, Лимасол-Кипар, 2018.

Резултатите од научно-истражувачката дејност во земјава и странство, доц. д-р Николовска Неделкоска ги има претставено пред научната и стручната јавност во облик на научни трудови кои се објавени во научни списанија индексирани во меѓународни бази, како и во референтни списанија од областите на нејзин интерес во земјава и странство, кои подлежат на рецензија. Исто така, дел од резултатите се презентирани на респектабилни научни и стручни манифестации во земјава и странство.

Во публикациите, чиј преглед е даден подолу се забележува висок степен на оргиналност, мултидисциплинарен истражувачки пристап и изградена научна мисла (во прегледот се внесени само податоци за публикациите објавени во последните пет години).

**Преглед на трудови објавени во референтни научни списанија, согласно одредбите во Законот за Високо образование**

**D. Nikolovska Nedelkoska**, T. Tefova, Z. Uzunoska. Dietary calcium intake and bone mineral density among Macedonian women. Ukrainian Journal of Food Science, Vol. 6 (2) pp. 225-235, 2018 (indexed in EBSCO).

Z. Uzunoska, T. Kalevska, V. Stamatovska, **D. Nikolovska Nedelkoska**, N. Trajceska, D. Belichovska, K. Belichovska. Frequent milk and dairy products consumption has a positive impact on bone mineral density of Macedonian women over age of 50. Food and Environment Safety, Vol. XVII (2), pp. 213-223, 2018 (indexed in EBSCO).

**D. Nikolovska Nedelkoska**, N. Atanasova-Pancevska, M. Karadelev, Dz. Kungulovski. Bactericidal activities of selected macrofungi extracts against *Staphylococcus aureus.* Matica Srpska Journal for natural sciences, No. 133, pp. 193-200, 2017 (indexed in EBSCO; Thomson Reuters Master Journal List).

**D. Nikolovska Nedelkoska,** N. Atanasova-Pancevska, M. Karadelev, Z. Uzunoska, Dz. Kungulovski. Antibacterial activities of some wild mushroom extracts against *Pseudomonas aeruginosa.* Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, Vol. 72 (3), pp. 67-72, 2018, ISSN 2545-4315.

Uzunoska Z., Stamatovska V., Kalevska T., Belichovska K, Belichovska D., **Nedelkoska Nikolovska D.**, Blazevska T. Vegetable Consumption and Bone Mineral Density in females. Journal of Hygienic Engineering and Design, Vol. 23, pp. 81-90, 2018 (indexed in SCOPUS).

Uzunoska Z., Kalevska T., Stamatovska V., **Nedelkoska Nikolovska D**., Blazevska T., Orovcanec N. The Frequency of Meat Consumption and Bone Mineral Density in

Female Population. Journal of Agricultural, Food and Environmental Sciences, Vol. 72 (1), pp. 13-20, 2018, ISSN 2545-4315.

**D. Nikolovska Nedelkoska**, S. Martinovski, A. Nikolovska. Development of a Food Frequency Questionnaire to Assess the Dietary Intake of a Phytate in the Urban Macedonian Population. Journal of Hygienic Engineering and Design Vol. 19 pp. 11-14, 2017 (indexed in SCOPUS).

**D. Nikolovska Nedelkoska**, O. Tusevski, K. Rusevska, S. Gadzovska Simic, M. Karadelev. Production of phenolic compounds and antioxidant activity of selected wild mushrooms from Tricholomataceae family, collected in Macedonia. Proceedings of the 5$^{th}$ Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation, Ohrid, Macedonia 19-22 October 2016. Special issue of the Macedonian Ecological Society, No. 13, pp. 8-13, Skopje, 2017, ISBN 978-9989-648-37-3.

G. Pataro, **D. Nikolovska Nedelkoska**, D. Carullo, M.M. Capitoli, G. Ferrari. PEF treatment for the valorization of tomato by-products. 29th EFFoST Conference Proceedings. Vol. 1 pp.151-153, Athens, Greece, 2015 (ELSEVIER publication, ISBN: 978-618-82196-1-8).

Nakov G., Damjanovski D., Pavlova V., **Nikolovska Nedelkoska D.**, Necinova Lj., Ivanova N., Damyanova S., Gubenia O. Impact of the kind of wine storage on chemical and physical characteristics of the vranec wine. Ukrainian Food Journal. Vol. 4 (2) pp. 271-280, 2015 (indexed in Web of Science, EBSCO).

**D. Nikolovska Nedelkoska**, O. Tusevski, K. Rusevska, S. Gadzovska Simic, M. Karadelev. Correlation between antioxidant capacity and phenolic contents of selected bolets from Macedonia. Horizons, series B, pp. 163-172, 2014, ISSN 1857-8578.

## Соопштенија објавени во списанија со меѓународен фактор на влијание

V. Simovska, V. Antoska-Knights, T. Kalevska, **D. Nikolovska Nedelkoska**, T. Blazevska, D. Damjanovski, A. Simovska. Development of Academic Education of Nutritionists in the Republic of Macedonia. Adv Nutr Vol. 7(1) 24A, 2016 (indexed in Journal Citation Report, IF=6.853).

**Nikolovska Nedelkoska D.**, Atanasova-Pancevska N., Karadelev M., Damjanovski D., Kungulovski Dz. Antibacterial activity of two wild mushrooms, *Amanita echinocephala* and *Cerena unicolor*, collected in Macedonia. J Food Process Technol Vol. 6, Issue 8, 225, 2015 (indexed in Index Copernicus, ICV2015=82.29).

**Nikolovska Nedelkoska D**. Hot debates in nutrition and food

production/reformulation against global obesity. J Nutr Disorders Ther Vol. 5, Issue 3, 17, 2015 (indexed in Index Copernicus, ICV2015=63.45).

**Публикација објавена во стручно списание во странство**

**D. Nikolovska Nedelkoska**. Converting waste-derived carotenoids into value-added ingredients. EUROCAROTEN Newsletter, No. 11, 2019.

**Презентација на резултати на научни и стручни манифестации**

**D. Nikolovska Nedelkoska**, B. Winklhofer-Roob, J. Roob. Update on EUROCAROTEN Database. EUROCAROTEN 5th MC & 2nd WG meeting, Valencia, October 2018. *(oral presentation)*

S. Rimac Brnčić, J. Gajdoš Kljusurić, **D. Nikolovska Nedelkoska**, V. Antoska Knights, M. Badanjak Sabolović. Functional food awareness and perceptions among Croatian and Macedonian university students: differences by country of residence and faculty of study. Book of abstracts, pp. 51, 10$^{th}$ International Scientific and Professional Conference "With food to health", Osijek, Croatia, 2017.

T. Tefova, **D. Nikolovska Nedelkoska**, Z. Uzunoska. The estimation of the daily calcium intake of Macedonian postmenopausal women and the most important foods as sources of calcium in their diet. Book of abstracts, pp. 24, 10$^{th}$ International Scientific and Professional Conference "With food to health", Osijek, Croatia, 2017.

**D. Nikolovska Nedelkoska**, S. Martinovski, A. Nikolovska. Development of a Food Frequency Questionnaire to Assess the Dietary Intake of a Phytate in the Urban Macedonian Population. NUTRICON, Skopje, Macedonia, 2016.

M. Stojanovic, A. Trajkovska-Petkoska, **D. Nikolovska Nedelkoska**, D. Damjanovski. Ganoderic acid A – bioactive component in *Ganoderma lucidum*. NUTRICON, Skopje, Macedonia, 2016. *(oral presentation)*

**D. Nikolovska Nedelkoska**, O. Tusevski, K. Rusevska, S. Gadzovska Simic, M. Karadelev. Production of phenolic compounds and antioxidant activity of selected wild mushrooms from Tricholomataceae family, collected in Macedonia. 5$^{th}$ Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation, Ohrid, Macedonia, 19$^{th}$ to 22$^{th}$ October 2016.

**Nikolovska Nedelkoska D.**, Carullo C.D., Capitoli M.M., G. Pataro G., Ferrari G. Pulsed electric field assisted extraction of carotenoids from tomato by-products. 1$^{st}$ World Congress on Electroporation and Pulsed Electric Fields in Biology, Medicine and Food & Environmental Technologies, Portorož, Slovenia, 2015.

**Nikolovska Nedelkoska D**., Atanasova-Pancevska N., Karadelev M., Damjanovski D., Kungulovski Dz. Antibacterial activity of two wild mushrooms, *Amanita echinocephala* and *Cerena unicolor*, collected in Macedonia. Preconference Workshop of 4th International Conference and Exhibition on Food Technology 2015 London, UK held in Ohrid, Macedonia, 2015. *(oral presentation)*

**Nikolovska Nedelkoska D**. Hot debates in nutrition and food production/reformulation against global obesity. Scientific Satelite Symposium for "Euro Global Summit & Medicare Expo on Weight Loss", Frankfurt, Germany, 2015 held in Bitola, 2015. *(oral presentation)*

G. Pataro, **D. Nikolovska Nedelkoska**, D. Carullo, M.M. Capitoli, G. Ferrari. PEF treatment for the valorization of tomato by-products, 29th International EFFoST Conference - Food Science Research and Innovation, Athens, Greece, 2015. *O06.3 (oral presentation)*

Д-р Даниела Николовска Неделкоска е коавтор на книгата во стручна област:
Nakov G., **Nikolovska Nedelkoska D.**, Necinova Lj. Influence of harvesting year and storage conditions of the Vranec wine: physico-chemical characteristics. LAP LAMBERT Academic Publishing, 2014, ISBN-13: 978-3659525940.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Напоредно со наставната и научно-истражувачката дејност доц. д-р Николовска Неделкоска учествува во реализација на повеќе стручно-апликативни проекти:

**CEEPUS CIII-HR-1404-01-1920 Adriatic-Pannonian-Black Sea Food Connect** (APBSFC) Network (Local coordinator, 2019- )

**Support to national dietary surveys in compliance with EU menu methodology (6th support) — 'The children's survey', including subjects from 3 months up to 9 years old** (supported by European Food Safety Authority, EFSA), 2018-

**COST Action CA15136** - European network to advance carotenoid research and applications in agro-food and health (**EUROCAROTEN**), 2017-

**BAS** - Stimulating citizens participation to recycle processes through the implementation of benefits systems (INTERREG Balkan-Mediterranean project), 2017-

**ERASMUS Programme+** (Erasmus+ departmental coordinator, 2014- ).

**LLP- iTeach** - IMPROVING TEACHING EFFECTIVENESS IN CHEMICAL ENGINEERING EDUCATION (participant on a focus group - academics in Macedonia), 2013-2016.

**COST Action CA TD1104** - European network for development of electroporation-based technologies and treatments (**EP4BIO$^2$MED**), 2014-2015.

**Испитување на содржина на биоактивни компоненти во различни видови на габата *Ganoderma*.** Национален научно-истражувачки проект на Фармацевтски факултет при УКИМ, Скопје, 2014-2015.

**Joint TEMPUS_158 714** “Improving academia – industry links in food safety and quality (FOODLINKS)”, 2010-2013.

**Phytoremediation of contaminated soil combined with bioenergy production**, Macedonian-Chinese Scientific and Technological Cooperation, 2009-2010.

**CLEANER PRODUCTION** (supported by UNIDO - United Nations Industrial Development Organization), 2008-2011.

**Ензимска синтеза на алкилгликозиди** (проект поддржан од Министерството за образование и наука на РМ), 2006-2009.

Од јули 2014 година д-р Николовска Неделкоска е координатор на ERASMUS+ програмата на ТТФ и иницира потпишување на 6 нови билатерални договори со универзитети од Хрватска, Полска, Бугарија, Турција и Словенија, кои активно се користат. Од академската 2015/2016 и заклучно со академската 2018/2019 реализирани се 14 дојдовни ERASMUS+ мобилности на студенти и наставен кадар од партнерските институции на ТТФ, како и 20 мобилности на студенти и наставен кадар од ТТФ на партнерските универзитети.

Кон крајот на 2018 год. го координира умрежувањето на матичниот факултет во CEEPUS мрежата CIII-HR-1404-01-1920 Adriatic-Pannonian-Black Sea Food Connect, во која се вклучени 8 партнерски универзитети од 7 држави: Хрватска, Босна, Молдова, Бугарија, Романија, Македонија и Србија.

Член е на Советот на докторски студии на Технолошко-технички факултет од 2016 година и член во Комисија за признавање на испити за втор циклус студии на ТТФ од 2015 година. Била член на Комисијата за самоевалуација на матичниот факултет за период 2015-2018.

Во периодот од јуни 2017 до јуни 2018 ја извршувала функцијата Продекан за наука, а од јануари 2019 година е избрана за Продекан за наука и меѓународна соработка на матичниот факултет. Член е на Универзитетската Комисијата за соработка со универзитетите во земјата и странство од јуни 2017.

Освен овие активности, кандидатката била член на работната група за изработка на елаборат за акредитација на нови студиски програми за прв циклус студии на матичниот факултет, како и нивна повторна акредитација (Прехранбена технологија и биотехнологија и Нутриционизам). Исто така, била член и на работната група за подготовка на елаборати за акредитација на нови

студиски програми за втор циклус студии и нивна повторна акредитација (Управување со квалитет и безбедност на храна и Нутриционизам - едногодишни и двогодишни студии) и член на работната група за подготовка на елаборатот за нова студиска програма на трет циклус студии, како и во работната група за нејзина повторна акредитација (Иновативни технологии за храна и нутриционизам).

Д-р Николовска Неделкоска е ангажирана како стручно лице при евалуација на проекти од страна на Фондот за иновации и технолошки развој.

Кандидатката активно учествува во промотивните активности на Факултетот кои се реализирани преку изведба на работилници и афирмативни предавања во и надвор од земјата.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА

Покрај општите услови предвидени во Законот за високо образование, доц. д-р Даниела Николовска Неделкоска ги исполнува и посебните услови за избор во звање предвидени со правилникот за избор во звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола. Од наведените критериуми во Анекс 1 од Правилникот кандидатката ги исполнува условите обележани со **X**.

| **ПРВ КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати од научно-истражувачка работа** | |
|---|---|
| **УСЛОВИ** | |
| Кандидатот е цитиран најмалку во еден труд (за избор во доцент, предвач или виш предавач), два трудови (за избор во вонреден професор или професор на висока стручна школа), односно три трудови (за избор во редовен професор) од автори чиишто трудови се објавени во референтна научна публикација. Цитираноста на трудовите се потврдува преку писмен доказ со достава на трудовите каде што е цитиран кандидатот или преу web пребарувач за цитираност (профил на кандидатот на Google Scholar или сличен на него) | **X** |
| Од вкупно објавените трудови во последните пет години, има објавено труд во списание или публикација индексирани во некоја од следниве бази: EBSCO, Emerald, Scopus, Thomson Reuters, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank (објавените трудови треба да се нотирани на универзитетскиот репозиториум http://eprints.uklo.edu.mk/)[1] | **X** |
| Има објавено најмалку три дополнителни труда во референтни научни публикации од предвидениот број со општитите услови за избор во соодветното звање | **X** |
| Акредитиран е за ментор на трет циклус студии (без разлика дали во последните 5 години) | |
| Раководел или учествувал во научно-истражувачки проект или раководи или учествува во научно-истражувачки проект кој е во тек | **X** |
| Одржал пленарно или почесно предавање на меѓународен собир или бил модератор на сесија на научна конференција | |
| Бил или е член во уредувачки (организациски) или научен (програмски) одбор на меѓународна научна конференција или меѓународно научно списание | |

| | |
|---|---|
| Бил рецензент на најмалку еден научно-истражувачки или стручен труд | **X** |
| Бил рецензент на најмалку еден универзитетски учебник, учебно помагало, монографија, практикум, збирка задачи и сл. | |
| Бил рецензент на предлог проекти и/или периодични и конечни извештаи од одобрени проекти | **X** |
| Бил рецензент на предлози за државни и меѓународни награди за научни остварувања | |
| Член е во домашни или странски научни здруженија, друштва, асоцијации или институции | |
| Реализирал или е во тек на реализација на постдокторски студии во странство | |
| Добил државна или меѓународна награда за научни постигнувања од поширроката научна област со која професионално се занимава | |
| Има објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира (како автор или во коавторство)[2] | |
| ***вкупно исполнети услови од прв критериум*** | **6** |

| | |
|---|---|
| **ВТОР КРИТЕРИУМ**<br>**Резултати и искуство во наставната дејност и подготвување на наставен и научно- истражувачки подмладок** | |
| **УСЛОВИ** | |
| Бил или е ангажиран како наставник на друга единица на Универзитетот или на друга високообразовна установа од земјата или странство | |
| Учествувал во комисија за избор на други наставници и/или соработници | **X** |
| Учествувал или учествува во реализација на наставата на втор или трет циклус студии | **X** |
| Реализирал меѓународна мобилност на странски универзитет односно странска високообразовна установа по различни основи | **X** |
| Учествува или учествувал во студиска програма чијашто настава се изведува на англиски наставен јазик или понудил предмет на англиски јазик како прозорец на мобилност | **X** |
| Реализирал предавање на странска високообразовна установа (гостувачко, стручно, почесно и сл.) | **X** |
| Подготвил дигитални ресурси (презентации, вежби, прашања, квизови и сл.) за студентите за најмалку еден предмет и истите ги поставил на online платформа за далечинско учење (Moodle и сл.) или на web страната на единицата или Универзитетот | **X** |
| Бил член во Комисија за оценка или одбрана на магистерски, специјалистички или докторски труд | **X** |
| Бил ментор или член на комисија за одбрана на дипломски труд | **X** |
| Предавал или предава нов наставен предмет кој за прв пат се воведува во студиска програма | **X** |
| Учествувал или учествува во изработка на елаборат за акредитација на студиска прграма на прв, втор или трет циклус студии | **X** |
| Има стекнато искуство во високо-образовна дејност како: ректор; проректор; декан/директор; продекан/заменик директор; раководител на внатрешна организациона единица/лабораторија; член на универзитетски сенат; член на факултетска или универзитетска комисија; раководител на ЕКТС на Универзитет/единица; член на Совет на докторскин студии на Универзитет/Единица; член во Комисија за самоевалуација; член на Интеруниверзитетска комисија; член во Одбор за акредитација и евалуација. | **X** |

| | |
|---|---|
| Има позитивна оценка од најмалку 3,5 од спроведените самоевалуации во последните 5 години | X |
| ***вкупно исполнети услови од втор критериум*** | **12** |
| **ТРЕТ КРИТЕРИУМ**<br>**Стручно-применувачка или стручно-уметничка дејност** | |
| **УСЛОВИ** | |
| Учествувал или учествува во работна група/тело за изработка на студија, ревизија, елаборат, идеен проект, стручна анализа, вештачење, арихитектонско решение, стратегија, правилник, статут, закон и сл. | X |
| Посетувал обуки, семинари, тркалезни маси, курсеви, форуми, работилници и сл. од стручен или професионален карактер организирани од меѓународни или домашни институции | X |
| Поседува сертификат или потврда за стручно или професионално усовршување издаден од релевантна институција | X |
| Ангажиран е или бил ангажиран како експерт од страна на меѓународна или домашна стручна организација, институција или асоцијација | X |
| (Ко)автор е на книга/монографија од стручна област/речник/енциклопедија | X |
| Учествувал во реализација на обука/семинар/курс/работилница/летна школа за потребите на стопанските и нестопанските дејности | X |
| Бил или е член на национална или меѓународна жири комисија од полето во кое се | |
| Реализирал превод на книга или дел од книга | |
| Учествувал во проектирање, развој или имплементација на софтверски или ИКТ | |
| Учествувал во реализација на проектни активности во проекти финансирани од ЕУ или други домашни или странски фондови | X |
| Учествувал во промотивни активности на факултетот | X |
| Бил уредник на речник или енциклопедија | |
| Регистрирал патенти/иновации прифатени од Државниот завод за индустриска сопственост | |
| Рецензирал учебник за основно или средно образование од потесната или поширокaта област за која се врши изборот | |
| Има објавено стручна/професионална статија во домашни или странски публикации (списание, весник, зборник на трудови и сл.) | X |
| Лекторирал трудови на странски/ македонски јазик | |
| Учествува(л) во лабораториски и теренски истражувања или мерење наменети за стопанството | X |
| ***вкупно исполнети услови од трет критериум*** | **10** |
| ***ВКУПНО ИСПОЛНЕТИ УСЛОВИ ОД СИТЕ ТРИ КРИТЕРИУМИ*** | ***28*** |

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на прикажаната анализа и увидот во трудовите и целокупната наставна, научна и стручно-апликативна дејност на д-р Даниела Николовска

Неделкоска, Комисијата констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови за избор во звањето вонреден професор предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Технолошко-техничкиот факултет во Велес да ја избере д-р Даниела Николовска Неделкоска за наставник во звање **вонреден професор** за наставно-научните области: Прехранбено инженерство (41400), Нутриционизам (41401) и Друго (41403).

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА:

Д-р Гордана Димитровска, вонреден професор,
Факултет за биотехнички науки, Битола с.р.

Д-р Елена Јошевска, вонреден професор,
Факултет за биотехнички науки, Битола с.р.

Д-р Татјана Калевска, вонреден професор,
Технолошко-технички факултет, Велес с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет Св.Климент Охридски-Битола
Технолошко-технички факултет-Велес
Бр.02-250/12
06.05.2019 год.
Велес

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование и член 60 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола, Наставно-научниот совет на Технолошко-технички факултет Велес, на седницата одржана на ден 06.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај за оценка на подобноста на темата за изработка на магистерски труд**

1.Се усвојува Извештајот од Комисијата во состав: 1.Вонр.проф.д-р Татјана Калевска – претседател, 2. Доцент д-р Викторија Стаматовска – член и 3. Доцент д-р Даниела Николовска Неделкоска – член, за оценка на подобноста на темата за изработка на магистерски труд под наслов „Обработка на Knock out барањата од стандардот IFS верзија 6.1. во месна индустрија за производство на месни производи од живинско месо", од кандидатот Љубица Костадинова.

2.Се прифаќа насловот на темата за изработка на магистерски труд **„Обработка на Knock out барањата од стандардот IFS верзија 6.1. во месна индустрија за производство на месни производи од живинско месо",** од кандидатот Љубица Костадинова.

3.Одлуката за прифаќање на насловот на темата за изработка на магистерски труд да се објави во Билтенот на Универзитетот „Св. Климент Охридски"-Битола.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Технолошко-технички факултет Велес**
**Декан**
**Вонр.проф.д-р Татјана Калевска**

56

Врз основа на член 57 од Правилникот за условите, критериумите и постапката за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола, на предлог од Наставничкиот совет на втор циклус студии на Машинство, Наставно-научниот совет при Технички факултет - Битола на седницата одржана на 07.05.2019 година, донесе

О Д Л У К А

за прифаќање наслов на тема на магистерски труд

1.Се прифаќа насловот на магистерскиот труд „Анализа на концентрации на азотни оксиди во котелска постројка на течно гориво при различни конструкции на пламени цевки", од кандидатот Никола Велески, студент на втор циклус студии на Машинство.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до: кандидатот, архивата, досието, Универзитетот „Св.Климент Охридски"-Битола

Бр.02. 432/11
07.05.2019 г.
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Д е к а н
Ред.проф д-р Стојанче Нусев

Универзитет „Св. Климент Охридски" Технички факултет РМ Битола

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**
**Бр.08-430/8**
**21.05.2019 година**

Врз основа член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18) и член 59 и член 60 Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на предлог на Наставничкиот совет за втор циклус на студии, Наставно-научниот совет на единицата Факултет за безбедност - Скопје, на седницата одржана на 21.05.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за усвојување на извештај за подобност на тема за изработка на магистерски труд и определување на ментор**

1. Наставно-научниот совет го усвои Извештајот за оценка за подобност за изработка на магистерски труд од кандидатот Филип Павловски на тема „Начин на извршување (Modus operandi) корупцијата во полицијата во Република Македонија“, а поднесен од Комисија за оценка на подобност на тема во состав: проф. д-р Миодраг Лабовиќ, проф. д-р Марјан Николовски и вонреден проф. д-р Стојанка Мирчева.

2. Се прифаќа насловот на темата за изработка на магистерскиот труд под наслов: „Начин на извршување (Modus operandi) корупцијата во полицијата во Република Македонија“ од кандидат Филип Павловски.

3. За ментор на изработка на магистерскиот труд со наслов „Начин на извршување (Modus operandi) корупцијата во полицијата во Република Македонија“ од кандидат Филип Павловски се определува проф. д-р Марјан Николовски.

4. Одлуката за прифаќање на темата за изработка на магистерскиот труд да се објави во Билтен на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

6. Одлуката да се достави до кандидатот, членовите на комисијата, менторот, Универзитет „Св.Климент Охридски“ – Битола, Одделение за студентски прашања, досие и архива.

**Д Е К А Н**

**Вонреден проф. д-р Никола Дујовски**

Ц.Р. Панова

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАУЧЕН РАБОТНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО ПОДРАЧЈЕТО НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ НАУКИ, ОБЛАСТ: ХЕМИЈА, АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА, БИОХЕМИЈА, ИНСТРУМЕНТАЛНИ МЕТОДИ И ХЕМИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО НАУЧНИОТ ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН-ПРИЛЕП

Со одлука бр. 02-208/3 од 11.03.2019 година, Советот на Научниот институт за тутун - Прилеп формира Рецензиона комисија за избор на еден научен работник во сите наставно-научни звања, во состав:

1. Проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија, Природно-математички факултет – Скопје, Универзитет"„Св. Кирил и Методиј", Скопје, **претседател**
2. Проф. д-р Горица Павловска, редовен професор на Технолошко-техничкиот факултет, Велес, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола- **член**
3. Проф. д-р Валентина Пеливаноска, научен советник, редовен професор, Научен институт за тутун – Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола, **член**

На конкурсот објавен во весниците "Дневник" и "Koha" на 22.02.2019 година за избор на еден научен работник во сите наставно-научни звања во подрачјето на природно-математички науки, научно поле хемија, област: хемија, аналитичка хемија, биохемија и друго - инструментални методи и хемија на животна средина се пријави кандидатот доцент д-р Билјана Јорданоска Шишкоска, научен соработник во Научниот институт за тутун - Прилеп. Како членови на Рецензентската комисија, врз основа на Законот за научно истражувачка дејност како и Актите на Научниот институт за тутун-Прилеп и универзитетот "Св. Климент Охридски", Битола и приложената документација, го поднесуваме следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

### 1. Основни биографски податоци

**Билјана Јорданоска Шишкоска** е родена во Охрид на 17.10.1980 година. Основно и средно училиште завршила во Охрид. На Природно-математичкиот факултет во Скопје, група хемија, аналитичко-структурна насока, се запишала во учебната 1999/2000 година каде дипломирала во 2005 година. Во учебната 2006/2007 се запишала на последипломски студии по хемија на истиот факултет кои ги завршила во 2010 година и се стекнала со звањето магистер по хемиски науки. Во 2011 година се запишува на докторски студии по хемија повторно на Природно-математичкиот факултет во Скопје.

Во периодот од 2005 до 2006 година работи во компанијата "Биотек" – Скопје како менаџер за реагенси и обука на апарати за клиничка биохемија, како и инсталации на апарати за гасна хроматографија. Во периодот од 2006 до 2009 година е ангажирана со полно работно време во Јавната научна установа Хидробиолошки завод од Охрид како магистрант на билатерален проект помеѓу Хидробиолошкиот завод и Швајцарскиот институт за испитување води (EAWAG). Од февруари до август 2010 година работи во фабриката "Johnson Mathhey"- Скопје како процес оператор инженер во одделот за добивање на соли од металите од групата на платина (PGM salts). Од септември 2010 година е ангажирана во Научниот институт за тутун во Прилеп, во Одделението за агротехника на тутунот и Лабораторијата за контрола на квалитет на почва, вода, ѓубрива и растителен материјал, каде е вработена како асистент во ноември 2011. Од 2012 година е заменик раководител на акредитираната лабораторија согласно ISO МКС EN 17025:2006 - Лабораторијата за контрола на квалитет на почва, вода, ѓубрива и растителен материјал.

На 21.05.2014 година, на Институт за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, успешно ја одбранила докторската дисертација под наслов: “ПРОУЧУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО НА НЕКОИ ПОЧВЕНИ КАРАКТЕРИСТИКИ ВРЗ СОДРЖИНАТА НА ТЕШКИ МЕТАЛИ ВО ТУТУНОТ ПРОИЗВЕДЕН ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА”, под менторство на проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и се стекнува со академски степен **доктор на хемиски науки.** Истата година на 01.09. со одлука бр 02-769/2, Советот на Научниот институт за тутун ја избира кандидатката во звањето научен соработник.

## 2. Наставно образовна дејност

Кандидатката**,** д-р Јорданоска Шишкоска е акредитиран ментор на втор циклус студии (решение бр. 1409-379/3 од 04.04.2018 од одбор за акредитација и евалуација на високото образование) и е ангажирана во наставно-образовната работа на Научниот институт за тутун - Прилеп на втор циклус студии на следните предмети:

- Методолигија на научно-истражувачката работа, група Производство на тутун (едногодишни и двегодишни академски студии) и група Обработка и преработка на тутун (едногодишни и двегодишни академски студии);
- Математичко статистички методи - група Производство на тутун (едногодишни и двегодишни академски студии), група Обработка и преработка на тутун (едногодишни академски студии);
- Вовед во научно истражувачката работа - група Агроменаџмент на тутунското стопанство.

Ангажирана е и во наставно-образовната работа на Научниот институт за тутун на трет циклус (докторски) студии на групата Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун, на 2 предмети: Одбрани поглавја од физиологија и биохемија на тутунот и Хемиски методи за анализа на почви и ѓубрива - одбрани поглавија.

Д-р Јорданоска Шишкоска, исто така, е коавтор и на три учебни помагала:

1. Момчула Јорданоски, Билјана Јорданоска (2012): Хемија (учебник по општа, неорганска и органска хемија), Ветеринарен факултет, Битола; ISBN 978-608-65389-0-3; COBISS.MK- ID 92101642
2. Момчула Јорданоски, Билјана Јорданоска (2013): Биохемија, учебник по биохемија, Ветеринарен факултет Битола; ISBN 978-608-65389-1-0, COBISS.MK-ID 93707786
3. Момчула Јорданоски, Билјана Јорданоска Шишкоска, Биофизика (учебник по биофизика), ISBN - 978-608-65389-2-7, EAN 9786086538927- во печат.

## 3. Научно-истражувачка дејност

Во досегашната работа, како автор и коавтор кандидатката има објавено 32 научни труда, додека 30 научни труда се презентирани на меѓународни конгреси, симпозиуми и конференции. Исто така учествувала во 8 меѓународни истражувачки проекти. Во најголемиот број од нив се обработени теми од областа на хемијата на животната средина, плодноста на почвата и фертилизација. Во последниве пет години после изборот кандидатката има објавено 10 трудови во различни меѓународни и домашни списанија:

1. Pelivanoska V., Jordanoska B., Hristovski M., 2014. Corelation between the content of heavy metals in soil and tobacco from some muncipalities of Skopje production region. Tobacco, 64 (1-6), 46-55.
2. Pelivanoska V., Jordanoska B., Jordanoski M., Resmi Z., 2015. The effects of treated and composed sewage sludge in agricultural production. Science and Technologies, Plant Studies, 6, 174-180. http://journal.sustz.com/VolumeV/Number6/Papers/VPelivanoska.pdf
3. Jordanoska B., Pelivanoska V., Stafilov T., 2016**.** Cadmium uptake by different part oriental tobacco grown in the Republik of Macedonia. Tobacco, 65 (7-12), 47-53.

4. Pelivanoska V., Jordanoska B., 2016. Comparative investigations of the effects of fertilization and irrigation of the semi oriental varieties Otlja O9-18/2 and Otlja Zlatovrv. Tobacco, 66(7-12), 51-60.
5. Pelivanoska V., Jordanoska B., Risteski I., Trajkoski J., 2017**.** Some manufacturing properties of semi-oriental tobacco bred in the region of Prilep, Western Macedonia**.** Agriculture & Forestry. 63(3), 75-84.
6. Jordanoska B., Stafilov T., Pelivanoska V., 2018. Accumulation and availability of trace elements from soil into oriental tobacco grown in Macedonia. Environmental Engineering and Management Journal, 17(6), 1491-1500.
7. Jordanoska Šiškoska B., Pelivanoska V., Jordanoski M., Resmi Z., 2018. Sustainable treatment of waste sludge from municipal wastewater and its agriculture use. Water Research and Management Journal, 8(2), 9-15.
8. Jordanoska Šiškoska B., Pelivanoska V, Stafilov T., 2018. Comparative assessment and differentiation by multielement composition of Macedonian oriental tobacco and corresponding soil, Tobacco/Тутун, 68 (1-6), 66-74.
9. Pelivanoska V., Jordanoska B., 2018. Efects of different nitrogen rates on the yield and quality of orinetla tobacco produced in Pelagonia region. Tobacco/Тутун, 68 (1-6), 75-82.
10. Pelivanoska V, Jordanoska Šiškoska B., 2019. Comparative investigations with some domestic and introduced small leave tobacco varieties produced in Pelagonia region. KNOWLEDGE – International Journal, Vol. 30,531-539.

Исто така, кандидатката со свои трудови учествувала на меѓународни и домашни конгреси и симпозиуми, и тоа:

1. Pelivanoska V., Jordanoska B., Risteski I., Trajkoski J., 2014**.** Finding suitable nutrition and irrigation regime for the semi-oriental tobacco type Otlja. The Jubilee International Scientific Conference " 70 Years Tobacco and Tobacco Products", 13-14 November, Plovdiv.
2. Pelivanoska V., Jordanoska B., Hristovski M., 2014**.** Spacial distribution of trace elements in soil and tobacco leaves from Skopje production region. Scientific Conference "Chalinges in modern agricultural production", Book of abstracts, 11th December, Skoje.
3. Jordanoska B., Pelivanoska V., Stafilov T., 2014. Avaibility and distribution of some heavy metals in different organs of oriental tobacco plants. XXIII Congress of Chemists and Technologists of Macedonia. 8-11 October, Ohrid.
4. Pelivanoska V., Jordanoska B., Trajkoski J., Risteski I., Kochoska K, 2015. Effects of fertilization and irrigation of the production properties on semi oriental tobacco variety otlja-zlatovrv. 2$^{nd}$ Interantional Symposium for Agricultural and Food, ISAF, 7-9 Octorber, Ohrid, R Macedonia, Symposium Proceedings.
5. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., 2016. The fertilization and irrigation regimes, requirement for the production of quality semi oriental tobacco. 7th International Scientific Agriculture Symposium „Agrosym 2016", 6-9 October, Jahorina, Bosna i Hercegovina.
6. Jordanoska B., Pelivanoska V., Stafilov T., 2016. Trace elements accumulation in different organs of oriental tobacco plants produced in the republic of Macedonia. 7th International Scientific Agriculture Symposium „Agrosym 2016, 6-9 October, Jahorina, Bosna i Hercegovina.
7. Jordanoska B., Stafilov T., Pelivanoska V., 2016. The distribution and accumulation characteristics of heavy metals in Macedonian tobacco - comparison with corresponding soil. 5th Congress of ecologists of the republic of macedonia with international participation. 19-22 October, Ohrid, Macedonia.
8. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., Trajkoski J., 2017. Effects of fertilization and irrigation on some manufacturing propertis of the semi oriental tobacco in Prilep region - Western Macedonia. 2nd International Balcan Agriculture Congress, 16-18 May, Tekirdag Turkey.
9. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., Trajkoski J., 2017**.** Агрохемиски испитувања на почвите во прилепскиот производен реон и препораки за рационално ѓубрење. Универзитетската интерна конференција, 29-30. септември, Крушево.

10. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., Trajkoski J., 2017. Agrochemical investigations of soil in the producing region of Prilep and recommendations for rational fertilization, 3rd International Symposium for Agriculture and Food – ISAF, 18- 20 October, Ohrid.
11. Jordanoska B., Pelivanoska V., Stafilov T., 2017. Phospohrus and potassium availability in soils used for tobacco cultivation in the Republic of Macedonia. 17th Symposium and Summer School on Bionalysis-CEEPUS, Book of abstracts, p. 69, 2-8 July, Ohrid.
12. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., 2018. Investigations on the major production properties of some domestic and introduced oriental tobacco varieties. 53rd Croatian & 13th International Symposium on Agriculture. 18-23 February, Vodice, Croatia.
13. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., 2018. Qualitative and quantitative characteristics of some domestic and introduced oriental varieties produced in the Prilep region. Agricultural Science Congress, 9-12 May, Van, Turkey.
14. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., Stafilov T., 2018. Spatial variability of macronitrients availability in soils used for tobacco cultivation in the Republic of Macedonia. Agricultural Science Congress, 9-12 May, Van, Turkey
15. Pelivanoska V., Jordanoska Šiškoska B., 2018. The influence of different amount of nitrogen on the yield and quality of oriental tobacco produced in Pelagonia region, R. Macedonia. International agricultural, biological & life science conference, 2-5 September, Edirne, Turkey
16. Jordanoska Šiškoska B., Pelivanoska V., 2018. Spatial variability of nutrients in cultivated soils of Prilep, Republic of Macedonia. International agricultural, biological & life science conference, 2-5 September, Edirne, Turkey.
17. Jordanoska Šiškoska B., Pelivanoska V., Jordanoski M., Resmi Z., 2018. Treatment of waste sludge from municipal wastewater and its valorization "VODA 2018" 12-14. June, Sokobanja, Serbia.
18. Jordanoska Šiškoska B., Pelivanoska V., Stafilov T., 2018. Differentiation of Macedonian tobacco using multielement composition – comparison with corresponding soil. 25$^{th}$ Congress of SCTM (Society of Chemist and Technologists of Macedonia), 19 -23 September, Ohrid.
19. Pelivanoska V, Jordanoska Šiškoska B., 2019. Comparative investigations with some domestic and introduced small leave tobacco varieties produced in Pelagonia region, XX th international conference, Knowledge-capital of the future, 29-31 March, Vrnjacka Banja, Serbia.

**АНАЛИЗА НА ТРУДОВИТЕ**

Трудовите што ги има презентирано кандидатката после нејзиниот избор се од нејзината потесна проблематика и во нив се обработуваат најделикатните научни, стручни и апликативни мерки кои имаат силен одраз врз хемијата и заштитата на животната средина. Дел од трудовите ги опфаќаат резултатите од истражувањата на квалитетот на почвите во Република Македонија на кои се одгледува тутун поврзано со изучување на квалитетот на произведениот тутун (реден број 1, 3, 6 и 8),. Посебно внимание, при тоа, е посветено на содржината на тешките метали во тутунот поврзано со нивното присуство во почвите, влијанието на климатските промени или примената на вештачките ѓубрива (трудови реден број 4,5, 9 и 10), како и области од примена на отпадниот мил од прочистителните станици во земјоделството (реден број 2 и 7).

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И АНГАЖИРАНОСТ ВО ОРГАНИ И ТЕЛА

Покрај научноистражувачката и наставно образовната дејност, кандидатката е член на:

- Научниот совет на НИТ-Прилеп,
- Член на Комисија за реакредитација на студиска програма ”Производство на тутун” на втор циклус,
- Номинирано лице - уредник на платформата e Prints при УКЛО и

- Член на Комисија за информатички и комуникациски технологии на Универзитетот "Св. Климент Охридски", Битола.

Сето знаење и искуствата што ги стекнала во својата научно-истражувачка работа д-р Билјана Јорданоска Шишкоска правилно ги инкорпорира, а со своите залагања придонесува во проширување на методите и квалитетот на истражувањата во Лабораторијата за контрола на квалитет на почва, вода, ѓубрива и растителен материјал, како заменик раководител на лабораторија заодржување на стандардот МК EN ISO/ IEC 17025:2006 .

Покрај научноистражувачката и наставно-образовната дејност, кандидатката активно е вклучена во стручно-апликативната дејност во Научниот институт за тутун – Прилеп. Во последниве години (2014-2017) д-р Билјана Јорданоска Шишкоска учествувала во реализацијата на неколку позначајни апликативни проекти за утврдување и мониторинг на плодноста на тутунските почви во Р. Македонија, со тутунските компании СОКОТАБ ДООЕЛ-Битола, Алијанс Уан-Кавадарци и Тутунски комбинат – Прилеп.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Од самото вработување, до предметниов избор, кандидатката континуирано се усовршува и надградува, како во едукацијата, така и во научно-истражувачката работа, а со предметниов избор и се отвараат пошироки можности за самостален настап во понатамошното стручно и научно усовршување. Постигнатите резултати укажуваат на тоа дека се работи за кандидат кој постојано ги следи постигнувањата во областа за која што се избира. Од горенаведеното произлегува дека се работи за кандидат кој поседува значителни познавања и потенцијали, стекнати со континуирано усовршување во струката, и добар соработник кој ги исполнува сите законски услови за избор во научно звање.

Ценејќи ја научно-стручната активност на кандидатот, како и методолошкото усовршување, ни претставува особена чест да му предложиме на Советот на Научниот институт за тутун да ја избере доцент д-р Билјана Јорданоска Шишкоска во звањето **виш научен соработник** во Научниот Институт за тутун – Прилеп, на подрачјето на природно-математички науки (100), за научното поле хемија (107), област хемија (10700), аналитичка хемија (10702), биохемија (10703) и друго (10714) – инструментални методи и хемија на животна средина.

## РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Трајче Стафилов, редовен професор во пензија, Природно-математички факултет – Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, **претседател –**с.р.

2. Проф. д-р Горица Павловска, редовен професор на Технолошко технички факултет, Велес, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола, **член –**с.р.

3. Проф. д-р Валентина Пеливаноска, научен советник, редовен професор, Научен институт за тутун – Прилеп, Универзитет "Св. Климент Охридски", Битола, **член**–с.р.

Врз основа на чл. 179 од Статутот на УКЛО Битола, како и чл. 57-59 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „ Св. Климент Охридски“ Битола, објавен во Билтенот на УКЛО Битола бр. 356 од 2011г., Научниот совет на Научниот институт за тутун Прилеп, на 64–та седница одржана на 14. 05. 2019г. :

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот бр. 14-311/1 од 03. 04. 2019г. од Комисијата за оцена на подобност на темата за изработка на магистерски труд под наслов „ Демографскиот фактор во Република Северна Македонија примарен услов за развивање на семеен бизнис во тутунопроизводството“ од кандидатот дипл. Електро инж. Роза Галеска, студент на втор циклус едногодишни студии, насока Агроменаџмент во тутунското стопанство.

Се прифаќа насловот на темата „ Демографскиот фактор во Република Северна Македонија примарен услов за развивање на семеен бизнис во тутунопроизводството“

Насловот на прифатениот труд да се објави во Билтенот на Универзитетот.

Бр.15-436/5
14. 05. 2019г.
Прилеп

Директор
Проф д-р Гордана Мицеска

Врз основа на чл. 179 од Статутот на УКЛО Битола, како и чл. 57-59 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус на студии на Универзитетот „ Св. Климент Охридски“ Битола, објавен во Билтенот на УКЛО Битола бр. 356 од 2011г., Научниот совет на Научниот институт за тутун Прилеп, на 64–та седница одржана на 14. 05. 2019г. :

**ОДЛУКА**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот бр. 14-310/1 од 03. 04. 2019г. од Комисијата за оцена на подобност на темата за изработка на магистерски труд под наслов „ Креирање на стратегија за развој на тутунопроизводството во Република Северна Македонија “ од кандидатот дипл. Инж на биотехнички науки Даниела Талевска, студент на втор циклус едногодишни студии, насока Производство на тутун

Се прифаќа насловот на темата „ Креирање на стратегија за развој на тутунопроизводството во Република Северна Македонија “

Насловот на прифатениот труд да се објави во Билтенот на Универзитетот.

Бр.15-436/4 | Директор
14. 05. 2019г.
Прилеп | Проф д-р Гордана Мицеска